# ООМУ „Методи Патче“ – Охрид

# ИЗВЕШТАЈ од САМОЕВАЛУАЦИЈА
за периодот 2023 – 2025

Јуни, 2025 година

**Содржина**

**Вовед**
**1. Подрачје 1. Наставни планови и програми**
1.1. Реализација на наставните планови и програми
1.2. Квалитет на наставните планови и програми
1.3. Вонна ставни активности

**2. Подрачје 2. Постигања на учениците**
2.1. Постигнувања на учениците
2.2. Задржување / осипување на учениците
2.3. Повторување на учениците

**3. Подрачје 3. Учење и настава**
3.1. Планирање на наставниците
3.2. Наставен процес
3.3. Искуства на учениците од учење
3.4. Задоволување на потребите на учениците
3.5. Оценувањето како дел од наставата
3.6. Известување за напредокот на учениците

**4. Подрачје 4. Поддршка на учениците**
4.1. Севкупна грижа
4.2. Здравје
Советодавна помош за понатамошно образование на учениците
4.4. Следење на напредноста

**5. Подрачје 5. Училишна клима и односи во училиштето**

5.1. Училишна клима и односи во училиштето
5.2. Промовирање на постигањата
5.3. Еднаквост и правичност
5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

**6. Подрачје 6. Ресурси**

6.1. Сместување и просторни капацитети
6.2. Наставни средства и материјали
6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар
6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар
6.5. Финансиско работење во училиштето

**7. Подрачје 7. Управување, раководење и креирање политика**

7.1. Управување и раководење со училиштето
7.2. Цели и креирање на училиштата политика
7.3. Развојно планирање

## Вовед

Самоевалуацијата на училиштето е процес на систематско и континуирано следење, анализирање и вреднување на оствареното во изманитите години со единствена цел: Унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето. Таа се изготви преку тимска работа во која беа вклучени директорот на училиштето, и дел од наставниците преку одредени активности. Во изработката на самоевалуацијата на училиштето беше вклучен и претставник од Советот на родители.Соња Србиноска. Со цел да се анализира квалитетот на севкупната работа на училиштето, се согледаа условите во кои училиштето работи, процесите кои се одвиваа во него, континуирано се следеа сите активности, резултатите и постигнувањата на наставниците и учениците .Се анализираа и определија силните и слабите страни на училиштето, расположливите ресурси и неговото опкружување и се поставија главните тези за изготвување на извештај од самоевалуацијата.Врз основа на овие предности и слабости произлегоа одредени приоритети од кои потоа ќе се развиваат развојни цели со задачи и активности.

Согласно Законот за основно образование по предлог на директорот Наумче Џуклески, Училишниот одбор при ООМУ„Методи Патче“ - Охрид  формира училишна комисија за самоевалуација во состав:Елица Рашкова,Ана Булоска-Рилкоска,Нина Момировска, Александар Крстаноски и Соња Србиноска.

Предмет на самоевалуација беа **седум клучни подрачја** кои се однесуваат на главните аспекти од работата на училиштето и во секоја област работеше посебна група наставници:

1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ
   - Работен тим:Даниел Чуркоски и Елица Рашкова
2. ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ
   - Работен тим: Христина Пецаковска - Николеска и Петар Танески
3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА
   - Работен тим:Мухамед Бајрам , Кирил Белистојаноски и Љубен Несторов
4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ
   - Работен тим: Ана Булоска - Рилкоска и Игор Климовски
5. УЧИЛИШНА КЛИМА
   - Работен тим:Олгица Пајпузова, Ирена Веруш и Бојан Матоски
6. РЕСУРСИ
   - Работен тим:Нина Момировска и Ана Ѓорѓиоска
7. РАКОВОДСТВО, КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА
   - Работен тим:Александар Крстаноски и Филип Гаврилоски

Одговорен за спроведување на самоевалуацијата и работата на тимовите: Наумче Џуклески

Во секое подрачје групата наставници работеше по однапред изготвени индикатори кои го мерат квалитетот на работата на училиштето, како извори на податоци користеа: интервју, прашалници (анкета) за ученици, родители, наставници, увид во педагошката евиденција и документација, анализа на документи, разговори.

Самоевалуацијата се спроведе во периодот 2023–2025 година.

## Подрачје 1: Наставни планови и програми

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 1.1. | Реализација на наставните планови и програми | • Применувани наставни планови и програми;<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми;<br>• Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби;<br>• Избор на наставни програми.<br>• Планирање на активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето<br>- План на активности за реализација на еколошки проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди;<br>- Интегрирање на еколошки содржини од еколошката програма во годишната програма за работа на училиштето; |
| 1.2. | Квалитет на наставните планови и програми | • Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала;<br>• Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми;<br>- Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери во интегрирањето на еколошката програма во годишната програма за работа на училиштето; |
| 1.3. | Воннаставниактивности | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности;<br>• Опфатеност на учениците со воннаставните активности;<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните |

| | | |
|---|---|---|
| | | активности;<br>• Афирмирање на учениците и на училиштето преку вонраставните активности. |

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | • Применувани наставни планови и програми;<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми;<br>• Планирање на активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето<br>• Реализација на програми со системска промена;<br>- Интегрирање на еколошки содржини од еколошката програма во годишната програма за работа на училиштето; |

| ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ | КОНСТАТАЦИИ |
|---|---|
| Наставни планови и програми донесени од БРО;<br>Годишна програма за работа на училиштето;<br>Годишни-тематски планирања на наставниците;<br>Педагошка евиденција и документација; | Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН и БРО. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем и ја следат визијата на училиштето.<br>Наставните планови и програми дадени од МОН и БРО, во училиштето се имплементираат со адаптирана динамика на реализација, преку изготвување :<br>• глобални и тематски процесни планирања за задолжителна и изборна настава;<br>• годишни програми за работа за додатна и дополнителна настава; |

| | |
|---|---|
| Годишна програма за работа на училиштето;<br>Наставни планови и програми;<br>Записници од Наставнички совет;<br>Записници од Училишен Одбор;<br>Записници од Совет на родители;<br>Извештаи од анкетираните родители на учениците<br>Дневници на учениците<br>Подготовка за натпревари<br>Годишен план за имплементација на Еко стандарди на ниво на училиште;<br>Годишен план за имплементација на Еко стандарди по поедини наставни предмети;<br>Дневници за работа на паралелките<br>Прашалник за родители.<br>Поставени прашања:<br>- Колку наставните планови и програми се прилагодени за развивање на способностите и креативноста на вашето дете? | • програма за слободни ученички активности;<br>• дневни подготовки по наставни единици;<br>Училиштето ги информираше родителите за наставните планови и програми преку родителски средби на почетокот на учебната година, индивидуални средби со родители, совет на родители, а преку Совет на родители и Училишен одбор ги зема во предвид мислењата на родителите во врска со квалитетот и обемноста на наставните планови и програми. Според реализираното истражување на прашањето колку наставните планови и програми се прилагодени за развивање на способностите на вашето дете 59,5 проценти одговориле сосема точно,а 38,1проценти делумно точно .<br>Со цел да се детектираат и надминат одредени слабости или пропусти при реализирањето на наставните планови и програми, се врши континуирано следење на наставата по наставни предмети.<br>Училиштето ги нуди изборните предмети според наставниот план за деветгодишно и шестгодишно основно музичко образование. Изборните предмети се избираат од страна на учениците (во согласност со родителите) со помош на анкетни ливчиња.<br>За поттикнување на развојот на индивидуалните способности на учениците во нашето училиште се одржува дополнителна, додатна настава.<br>Дополнителната настава во училиштето се реализира за учениците кои поради одредени објективни или субјективни причини заостануваат при усвојување на наставното градиво и имаат тешкотии во учењето, побавно напредуваат или изразито заостануваат во усвојувањето на содржините .<br>Додатната настава се организира и реализира за учениците кои имаат потреба од проширување и продлабочување на знаењата. Во неа се вклучени ученици кои во редовната настава постигнуваат надпросечни резултати и покажуваат особена надареност и талентираност.<br>Годишното планирање на ниво на училиште се одвива во доменот на сите сегменти на воспитно-образовниот процес и во неговата имплементација се вклучени раководниот тим на училиштето, Училишниот одбор и Советот на родители. |

| | |
|---|---|
| | Информациите во врска со наставните планови и програми, кои се предвидени за реализација, пред почетокот на учебната година се проследуваат на состаноците на: Наставнички совет, Советот на родители, Училишен одбор и на општите родителски средби на почетокот на учебната година.<br><br>Земајќи ги во предвид идеите, заложбите и мислењето на наставниците, родителите и учениците, во училиштето се одредуваат приоритетите, динамиката и начините на реализација на наставните планови и програми, но исклучиво врз основа на дадените наставни планови и програми дадени од МОН и Бирото за развој на образованието.<br><br>Донесените одлуки во врска со наставните планови и програми во училиштето, се достапни за сите субјекти, преку органите во училиштето, до родителите преку Советот на родители и родителските средби.<br><br>Училиштето е отворено за промени и реализира проекти во кои го прават училиштето поефективно и современо. Применуваните НПП се во согласност со донесените програмски документи од МОН. НПП се реализираат во пропишаниот обем, а според визијата училиштето да биде со современа, ефикасна и квалитетна настава во 21 век со постигања максимален развој и едукација на наставниците и учениците.<br><br>Училиштето има изготвен План на активности со поставени цели за реализација на еко-проектот со вклученост на точки на акција од воспоставените еко-стандарди.<br><br>Наставниците во своите планирања интегрираат еколошки содржини. |

## 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | • Адаптација во наставните програми и учебни помагала наменета за деца со;<br>• Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала;<br>• Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието;<br>• Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми;<br>- Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери во интегрирањето на еколошката програма, |

| ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ | КОНСТАТАЦИИ |
|---|---|
| Разговор со наставници-родителите<br>Записници од активи на наставниците<br>Записници од наставнички совет<br>Анкети со наставници, родители и ученици<br>Годишната програма за работа на училиштето;<br>Анекс кон годишната програма за работа на училиштето од еколошката програма; Тематските планирања на наставниците;<br>Тематските планирања на | Од увидот во годишните и тематски планирања може да се види дека наставниците ја користеле својата креативност и умешност и изработувале нагледни средства за реализација на што поквалитетна настава.<br>При реализирањето на наставните програми училиштето ги следеше приоритетите на општината и имплементираше содржини и активности поврзани со културата и традицијата на локалната средина.<br>При планирањето на наставните содржини кај учениците во училиштето се поставија и цели кои се однесуваат на развивање и јакнење на еколошката свест кај учениците и почитување на различностите, а се поттикнуваше и развивањето на претприменичките вештини.<br>Постојат примери за интегрирање на особености на локалната средина во одреден дел на наставните програми и наставните помагала.При изработката на Годишните наставни програми по предмети и при изработката на Годишната програма на училиштето, акцент се става на интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала.<br>Наставните програми овозможуваат кај учениците да се поттикне свеста и критичкото размислување, како и чувството за одговорност за задачите што треба да ги исполнуваат и целосно да ги извршуваат. |

| | |
|---|---|
| наставниците со вметнати содржини од еколошката програма;<br>Извештаите за реализираните еколошки проекти,<br>Педагошката евиденција и документацијата;<br>Анкетите со родителите<br>Поставени прашања:<br>Дали сте навремено запознаени со наставните планови и програми?<br>Записниците од Училишниот одбор, Советот на родители и стручните органи на училиштето; | Учениците добиваат повратна информација за нивната работа и се посочуваат аспектите на кои во иднина треба да се посвети дополнително внимание.<br>Истовремено, преку наставните програми учениците учат да ја почитуваат различноста, се запознаваат со своите права, како и со своите обврски и одговорности кога станува збор за почитување на основните човекови права на другите.<br>Во рамките на училиштето функционираат активи по сите наставни предмети, редовно одржуваат состаноци како и работилници за професионално усовршување од различни области.<br>Родителите не се целосно вклучени во активностите и иницијативите за измени и дополнувања на наставните планови и програми. Според реализираното истражување на мислењето на родители на прашањето дали сте навремено запознаени со наставните планови и програми 54,8% одговориле сосема точно,а 21,4 точно во најголем дел,11,9 делумно точно, и 11,9 неточно.<br>Во реализацијата на активностите од еко-програмата, покрај наставниците, учениците и останатиот персонал од училиштето.<br>Во Годишната програма за работа на училиштето застапени се содржини и документи кои јасно го покажуваат интегрирањето на еколошките содржини. |

## 1.3. Воннаставни активности

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности;<br>• Опфатеност на учениците со воннаставните активности;<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности;<br>• Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности;<br>• Обем и разновидност, опфатеност, вклученост и афирмација на учениците |

| ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ | КОНСТАТАЦИИ |
|---|---|
| Разговор со директорот<br>Разговор со ученици, наставници и родители<br>Педагошка евиденција и документација<br>Наставни планови и програми;<br>Програма за работа на воннаставните активности;<br>Извешати на стручни активи;<br>Фотографии и матерјали во електронска форма;<br>Програма за дополнителна и додатна настава<br>Пофалници<br>Годишна програма за работа<br>Анкета | Училиштето планира и во целост реализира воннаставни активности(натпревари,концерти,јавни настапи и сл.) кои се одраз на интересите и потребите на учениците.Според реализираното истражување на прашањето дали училиштето ве поддржува во воннаставните активности 90% од анкетираните наставници одговориле сосема точно,а 10% точно во најголем дел.<br>Училиштето овозможува најголемиот број на ученици да бидат вклучени во воннаставни активности во зависност од нивните желби и можности. Според реализираното истражување на учениците на прашањето дали училиштето организира и поддржува учество на воннаставни активности(натпревари,концерти) 98% од анкетираните ученици одговориле сосема точно, 2% точно во најголем дел.<br>За сите воннаставни активности постои план и програма според кои тие се реализираат , како и инструменти за следење на реализацијата на слободните активности на учениците.<br>Голем број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој, без оглед на нивната етничка и верска припадност , нивниот економски и социјален статус, а во согласност со интересите, способностите , мотивацијата на учениците и можностите и условите на училиштето. |

| | |
|---|---|
| Веб портал<br>Извештаите за реализираните еколошки проекти<br>Анализа од прашалник за ученици,<br><br>Поставени прашања:дали училиштето организира и поттикнува учество во воннаставни активности(натпревари,концерти и сл.)?<br><br>Прашалник за наставници:<br><br>поставени прашања:<br><br>-Дали училиштето ве поддржува во воннаставните активности?<br><br>прашалник за родители | Во воннаставните активности исто така се вклучуваат и учениците од семејства со низок социо-економски статус и од различни етнички заедници. Нашето училиште ги идентификува образовните потреби на учениците и според тоа наставниците ги планираат и реализираат воннаставните активности во кои се вклучуваат учениците кои ја совладуваат програмата и чувствуваат потреба за проширување на своите знаења, односно ученици кои ќе се подготвуваат за општински, регионални и републички натпревари.<br><br>Училиштето и наставниците даваат голема подршка на учениците за учество во разновидни манифестации и воннаставни активности.<br><br>Учениците имаат значајна улога во подготвувањето на програмите за реализација на воннаставните активности. Преку воннаставните активности учениците ги реализираат своите желби, интереси и способности кои се надвор од наставата и ги дополнуваат своите знаења. Овие активности даваат можност учениците да се истакнат, со што се зголемува нивното искуство и се подобрува нивната лична благосостојба.<br><br>Во текот на учебната година дипломите од наградните конкурси, натпреварите, и сличните активности во писмена форма пристигнуваат во училиштето<br><br>Учениците се секогаш стимулирани и поддржани од училиштето и наставниците да учествуваат на локални, државни и меѓународни натпревари и манифестации и со подршка од училиштето и наставниците се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално државно и меѓународно ниво.<br><br>Училиштето на различни начини настојува да ги промовира достигнувањата на сите ученицireализирани во воннаставните активности , преку :<br>- Јавни концертни часови<br>- Интерни концерти, свечени академии и промоции<br>- Учество на музички ревии<br>- Меѓународни натпревари и конкурси<br><br>За постигнатите резултати учениците секогаш се јавно пофалувани и наградувани. |

| РЕЗУЛТАТИ | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | ▪ Наставен кадар кој навремено и професионално ги планира предвидените наставни планови и програми со активни форми и методи на работа<br>▪ Наставен кадар со искуство во ревидирањето на наставните планови и програми<br>▪ Наставници кои успешно ги интегрираат наставните предмети реализирајќи ги поставените цели со наставните планови и програми<br>▪ Успешно интегрирање на еколошката програма на редовната настава и воннаставните активности<br>▪ Наставен кадар кој е подготвен за примена на иновативно и креативно учење и поучување;<br>▪ Подготвеност на наставниците за стручно и професионално усовршување;<br>▪ Оспособен кадар за тимската работа;<br>▪ Наставници обучени за примена на активните методи во наставата;<br>▪ Училиштето има воспоставена процедура за избор на изборни предмети и подрачја<br>▪ Учениците слободно и според своите афинитети, заедно со своите родители, избираат кој изборен предмет ќе го изучуваат.<br>▪ Секој ученик согласно своите афинитети избира во кои вонаставни активности ќе учествува. |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | ▪ Недоволна вклученост на родителите во активности за ревидирање, измени и дополнувања на наставните планови и програми<br>▪ Недостаток на стручни обуки на наставниците. |

## АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Врз основа на досегашните изнесени аргументи може да се забележи дека во училиштето, наставните планови и програми одобрени од МОН и БРО по одделенија и наставни предмети се реализираа преку годишните и тематските процесни планирања на наставниците, кои беа прилагодени според можностите и способностите на учениците. Наставниците применуваа современи форми, методи и техники на учење, методи на формативно и сумативно оценување и современи наставни средства и помагала (кабинети опремени со компјутери, музички инструменти и сл.) за успешна реализација на истите.

Низ работата, со цел да се унапреди соработката со локалната средина и нејзино активно имплементирање во работата на училиштето, успешно се промовираат постигнувањата на учениците, преку традиционално организирање на: концерти во училиштето и во локалните концертни простории, како и натпревари и фестивали.

За поттикнување на развојот на индивидуалните способности на учениците во нашето училиште се одржува дополнителна, додатна настава, слободни ученички активности.

За откривање и работа со надарените и талентираните ученици училиштето има изготвено програма за организиран и систематски модел за работа;

Во додатната настава доминира истражувачкиот пристап во решавање на проблемите, од теоретска и практична природа, самостојна работа на учениците и интерпретирање, подготовки за натпревари на општинско, државно и меѓународно ниво.

Репрезентативноста на постигнатите резултати на нашите ученици во поедини сегменти ги надминува општинските и националните рамки за што сведочат освоените места на општинско, национално и меѓународно ниво;

## ИДНИ АКТИВНОСТИ

- Осовременување на наставата и создавање можност за интегрален пристап на одредени содржини и изнаоѓање на поефикасен пристап за мотивација на послабите ученици
- Опремување на медијатека и обучување на наставниците за користење на новите технологии
- Реконструкција на дограмата на училишната зграда и искористување на сончевата енергија како можност за заштеда на топлинска енергија
- Поголема афирмација на училиштето во локалната средина и пошироко,преку организирање на разновидни воннаставни активности.

## Подрачје 2: Постигања на учениците

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 2.1. | Постигнувања на учениците | • Следење на постигањата на учениците од различен пол, според наставни предмети и според квалификациони периоди<br>• Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава<br>• Еднаква вклученост на учениците во постигањата при реализација на еколошката програма |
| 2.2. | Задржување / осипување на учениците | • Опфат на учениците<br>• Редовност во наставата<br>• Осипување на учениците |
| 2.3. | Напуштање на школувањето | • Ученици што не ја завршуваат годината |

### **<u>2.1. Постигнувања на учениците</u>**

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | • Следење на постигањата на учениците од различен пол, според наставни предмети и според квалификациони периоди<br>• Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава<br>• Еднаква вклученост на учениците во постигањата при реализација на еколошката програма |

| ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ | КОНСТАТАЦИИ |
|---|---|
| Годишна програма за работа на училиштето<br>Годишен извештај за работа на училиштето<br>Записници од оделенски совети<br>Одделенски дневници<br>Програма за работа на стручни активи;<br>Записници од стручни активи<br>Анализа од прашалник за ученици, прашалник за наставници, прашалник за родители | Постигањата пред се зависат од индивидуализацијата на наставата, а главна и мотивирачка улога има наставникот и соработката со родителите во навременото запознавање со постигањата на нивниот ученик и заедничките чекори во негово подобрување. Учениците и родителите се запознаени со стандардите за оценување.<br>Наставниците водат редовни белешки за успехот на учениците и истиот навремено го презентираат пред родителите на редовни родителски средби и индивидуални разговори.<br>Одделенските раководители доставуваат податоци за успехот на учениците по наставни предмети по класификациони периоди. Врз основа на доставените извештаи од одделенските раководители стручната служба изготвува анализа на постигањата на учениците по наставни предмети и класификациони периоди.<br>Со анализите од добиените податоци се запознаваат наставниците на Наставничките совети.<br>Оценувањето е реално, праведно, транспарентно и скоро секогаш проследено со дискусија од страна на наставникот и учениците, која во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања. Наставниците реално им даваат повратни информации на учениците за нивната работа. Наставниците ги користат инфомациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето на наставата.<br>По мислењето на наставниците за зголемување на мотивацијата и интересот кај учениците, за постигање на повисоки резултати се работи со интерактивни методи, се користи ИКТ во наставата, и сл.<br>Идентификацијата на учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби ја изведуваа раководителот на паралелката<br>Наставниците ги идентификуваа надарените ученици и го одредија видот на надареност. Одделенските раководители и извршија распределба на надарените ученици според видот на надареност со цел истите да бидат вклучени во додатната настава и воннаставните активности според своите способности и талент.<br>За учениците кои имаат потешкотии во учењето се организира дополнителна настава по сите |

| | |
|---|---|
| | предмети и додатна настава за учениците кои покажуваат значајни резултати во определени области со цел усвојување на поквалитетни знаења и поголем успех при оценувањето на учениците. Во додатната настава доминира истражувачкиот пристап во решавање на задачите и проблемите, подготовки за натпревари на општинско, државно и меѓународно ниво.<br>За подобрување на постигањата на учениците, наставниците применуваа различни активни форми и методи на работа, креативни техники, употреба на ИКТ во наставата. Со тоа часовите се поинтересни, комуникацијата поголема, и се остварува поголема соработка. Учениците се вклучени, во зависност од своите способности во дополнителна или додатна настава, преку кои се усвојуваа нови знаења или се надоградуваа претходно стекнатите.<br>Од одделенските совети се земени и прочитани ученици кои зеле учество на наградни конкурси и натпревари со цел да се истакне ангажираноста на училиштето и на тоа поле работа со надарени и талентирани ученици.<br>ООМУ „Методи Патче“ ги опфака сите ученици од реонот, а по барање од родителите и во согласност со училиштето може да да се запишат и ученици од друг реон. |

**2.2. Задржување / осипување на учениците**

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | • Опфат на учениците<br>• Редовност во наставата<br>• Осипување на учениците<br>• Премин на ученици од едно училиште во друго |

| ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ | КОНСТАТАЦИИ |
|---|---|
| Записници од Наставнички совет | Училиштето ги опфати учениците од својот реон, но и од други реони по искажаната желба на родителите и слободните места во училиштето. При уписот на учениците во прво(деветгодишно) и |

| | |
|---|---|
| Извештаи од раководителите на паралелките<br>Програма за работа и Извештај за работа на училиштето<br>Податоци од административна служба (секретарот) и главна книга<br>Закон за основно образование,<br>Анализа од прашалник за ученици, прашалник за наставници, прашалник за родители | прво(шестгодишно) одделение се настојуваше во однос на реонизацијата учениците да бидат максимално опфатени.<br>Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците (според полот, етничката припадност и социјалното потекло), ги анализира причините за отсуство од наставата и навреме презема конкретни активности што обезбедуваат зголемување на редовноста.<br>Раководителите на паралелките предаваат писмен извештај за изостаноците и поведението на учениците кои потоа од страна на стручните соработници табеларно и графички се средуваат во прегледи и споредуваат со податоци од минатата година. Комплетниот извештај се анализира и на Наставнички совет при што се предлагаат и донесуваат потребни конкретни мерки и активности за намалување на отсуствата и подобрување на редовноста во наставата.<br>Училиштето и одделенските раководители соработуваат со родителите за да се зголеми редовноста на учениците во наставата. Просекот на неоправдани изостаноци бележи опаѓање во однос на претходните учебни години.<br>Се водат индивидуални и групни разговори со учениците кои имаат повеќе изостаноци од страна на класните раководители и стручната служба. Родителите навремено се информираат за бројот на оправдани и неоправдани отсуства, се разговара со нив, а во ситуации предвидени со Законот за основно образование и Правилникот за начинот на изрекување на педагошките мерки се изрекуваат соодветни педагошки мерки во присуство на ученикот, родителот, класниот раководител.<br>Училиштето го следи осипувањето и има податоци за опфатот на учениците од реонот. Осипувањето на ученици е незначително и истото е најчесто поради промена на местото на живеење и заминување во странство.<br>При преминување на учениците од едно во друго училиште се запазуваше постапката за уредно водење педагошка евиденција и документација и навремено доставување на информации за ученикот. Истите се земаа во предвид при натамошна образовна работа со ученикот. Иста постапка се водеше и за новодојдените ученици.<br>Анализирани се и годишни и полугодишни извештаи за работата на училиштето и Записници од одд. Совети како и статистички извештаи кои ќе бидат прилижени во регистарот на податоци. |

## 2.3. Повторување на учениците

| ТЕМИ | • Ученици што не ја завршуваат годината |
|---|---|

| ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ | КОНСТАТАЦИИ |
|---|---|
| Годишна програма за работа на училиштето<br>Годишен извештај за работа на училиштето<br>Годишна програма за работа на стручната служба<br>Извештаи и анализи од сручната служба<br>Записници од оделенски совети<br>Одделенски дневници и др.<br>Анализа од прашалник за ученици, прашалник за наставници, прашалник за родители | Во нашето училиште образовниот циклус го завршуваат речиси сите ученици со исклучок на мал дел кои го напуштаат школувањето. Најчесто училиштето го напуштаат од лични причини. Но има и дел ученици кои се иселуваат во странство. За забележување е и тоа што има и ученици повратници од странство или доселеници од други градови кои го претендираат нашето училиште поради високиот рејтинг кој го ужива.<br><br>Од статистичките податоци со кои располага училиштето, може да се види дека нема ученик кој го повторил одделението.<br>На прашањето за ученици:“Дали наставникот ве мотивира да постигнете поголем успех во текот на школувањето со учество во воннаставни активности(концерти,натпревари,итн.)<br>Сосема точно одговориле 91.9%, точно во најголем дел 8.1%.<br>На прашањето за родители :” Дали вашето дете е поттикнато да дава се од себе во работата?<br>Сосема точно одговориле 82.3%, точно во најголем дел 17.7%. |

| РЕЗУЛТАТИ | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | • Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците од различен пол по квалификациони периоди.<br>• Подобрување на постигањата на учениците преку примена на современи форми и методи во наставата, користење на ИКТ, и сл.<br>• Идентификацијата на учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби ја вршат наставниците.<br>• Подобрување на постигањатана учениците се врши преку организирање и реализирање на дополнителна и додатна настава.<br>• Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и навреме презема конкретни активности што обезбедуваат зголемување на редовноста. Училиштето соработува со родителите и локалната средина во врска со оваа проблематика.<br>• Систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците .<br>• Родителите навремено се известуваат за постигањата на учениците.<br>• Училиштето има свои критериуми за оценување на учениците и ги почитува стандардите дадени од БРО.<br>• Родителите, според Законот за основно образование на крајот од учебната година, детално се запознаваат со постигањата на учениците и им се овозможува правото на приговор.<br>• Се реализираатсодржини со еколошка програма и се вклучува во проекти за реализација на еко програмата |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | • Недоволна заинтересираност кај учениците за посетеност на дополнителната настава.<br>• Недоволно можност за афирмација и матерјално наградување, на учениците кои постигнуваат врвни резултати, во наставните и воннаставните активности (државни и меѓународни натпревари);<br>• Недоволно можност за афирмација и матерјално наградување на наставниците кои вложуваат максимален труд во слободните ученички активности, додатна и дополнителна настава;<br>• Снижување на критериумот за оценување на крајот на учебната година; |
| **АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ** | |
| Во училиштето се следеа постигањата на учениците според пол по сите наставни предмети и по сите класификациони периоди. | |

Изготвените анализи за напредокот на учениците се презентираа пред училишниот одбор, наставничкиот совет и советот на родители. Од изготвените анализи се согледува дека има блага осилација во постигнувањата на знаењата за на крајот на учебната година да се постигнат солидни резултати.

Постигнувањата на учениците пред се` се темелат на индивидуализацијата на наставата, при што повратната информација од наставникот треба да биде мотивирачка, педагошката функција да го поткрепува животниот оптимизам, да го подигнива нивото на очекувања и да

насочува кон поголема активност што води кон позитивен развој на личноста.

Во нашето училиште се спроведува систематско собирање, анализирање и вреднување на значајни податоци, за што поуспешна, посоодветна и поквалитетна работа на наставниот кадар и учениците. Како резултат на тие анализи, се доаѓа до сознанија колку учениците им се доближиле на поставените цели или ги постигнале истите според определени критериуми.

Во училиштето постоеше пропишана процедура за идентификација на учениците кои се надарени. Редовно се водеше грижа за подобрување на успехот на учениците преку одржување на додатна и дополнителна настава. Постигањата на учениците од секој образовен циклус по предмети и пол се задржуваа на приближно ниво со незначителни разлики.

Во училиштето беа опфатени ученици од реонот. Редовноста во училиштето беше на завидно ниво и немаше ученици кои ја повторуваат годината.

Во подобрувањето на наставниот процес како појдовна платформа за постигнување повисоки резултати во учењето, се фаворизира:
- напуштање на конвенционалниот и традиционалниот пристап во реализацијата на наставните и вonнаставните активности;
- подобрување на професионалниот потенцијал на наставниот кадар;
- зголемување на мотивираноста и креативноста на наставниците, а со тоа и на учениците;

Соработката со родителите, навременото и континуирано оценување на учениците е уште една форма за подобрување на постигнувањата.

За учениците кои имаат послаби резултати во учењето или имаат потешкотии во совладувањето на задолжителните предмети се организира дополнителна настава во текот на учебната година; продолжителна настава доколку учениците на крајот од учебната година имаат слаби оценки;

Во додатната настава доминира истражувачкиот пристап во решавање на задачите и проблемите, самостојна работа на учениците и подготовки за натпревари на општинско, државно и меѓународно ниво.

Репрезентативноста на постигнатите резултати на нашите ученици во поедини сегменти ги надминува општинските и националните рамки за што сведочат освоените места на општинско, национално и меѓународно ниво.

За постигањата на учениците редовно се одржуваа родителски, групни и индивидуални средби, Наставниците редовно водеа евиденција за

индивидуалниот напредок на учениците. Сите постигања на учениците се промовираа преку јавните гласила и медиумите.

**ИДНИ АКТИВНОСТИ**

- Јакнење на мотивацијата за постигнување на успех кај учениците.
- Градење на систем за потикнување на надарените ученици да учествуваат на натпревари;

## Подрачје 3: Учење и настава

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 3.1. | Планирање на наставниците | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Индивидуални планирања на наставниците<br>• Размена на искуства и информации при планирањето<br>• Распоред на часови<br>• Вклучување на еколошките содржини во планирањата на наставниците согласно еколошката програма |
| 3.2. | Наставен процес | • Наставни форми и методи<br>• Употреба на ИКТ во наставата<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>• Приодот на наставникот кон учениците<br>• Следење на наставниот процес |
| 3.3. | Искуства на учениците од учење | • Средина за учење<br>• Атмосфера за учење |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>• Поттикнување на учениците за преземање одговорност во реализацијата на еколошките проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди<br>• Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето |
| 3.4. | Задоволување на потребите на учениците | • Идентификување на образовните потреби на учениците<br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата<br>• Обезбедување и одржување на здрава и чиста животна средина за работа и учење |
| 3.5. | Оценувањето како дел од наставата | • Училишна политика за оценување<br>• Методи и форми на оценување<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| 3.6. | Известување за напредокот на учениците | • Известување на родителите за напредокот на учениците |

**3.1. Планирање на наставниците**

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Индивидуални планирања на наставниците<br>• Размена на искуства и информации при планирањето<br>• Распоред на часови<br>• Вклучување на еколошките содржини во планирањата на наставниците согласно еколошката програма |

| ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ | КОНСТАТАЦИИ |
|---|---|
| Доставени копии од годишните глобални планирања пред почетокот на учебната година дневни подготовки на наставниците;<br>дневните планирања на наставниците;<br>Разговор со директор, наставници;<br>Годишна програма за работа на директорот<br>Анализа од прашалник за ученици, прашалник за наставници, прашалник за родители | За квалитетна реализација на наставните планови и програми, пред почетокот на секоја учебна година, наставниците изработуваат: годишни глобални планирања, тематско - процесни планирања и ги доставуваат до стручната служба, додека пак, во текот на годината изработуваат дневни подготовки во електронска или писмена форма.<br>Пред почетокот на учебната година, службата врши увид во годишните планирања на наставниците преку доставените примероци на годишни планирања од страна на стручните активи и индивидуалните годишни глобални планирања на наставниците. Истите се услогласени со Наставниот план и програма од Министерството за образование и наука со соодветна содржина и динамика на реализација.<br>На почетокот од секоја учебна година сите наставници планираат и изработуваат:<br>• глобални годишни распределенија за наставните предмети кои ги предаваат;<br>• глобални годишни распределенија за додатна и дополнителна настава според потребите на - учениците со содржини од воспитно образовните области;<br>• план за слободни ученички активности;<br>• план за соработка со родителите.<br>Училиштето во континуитет ги следи планирањата на наставниците во текот на целата учебна година, преку изградени системи за следење на планирањата на наставниците. Во дневните подготовки кои ги изработуваат наставниците - по установен модел на ниво на училиште, јасно се утврдени целите на наставата, очекуваните исходи од учењето, наставните методи и форми на работа, методите и инструментите за следење и оценување на учениците. Дефинирани се активностите на часот од страна на наставникот и учениците со цел да се постигне поголем ефект во исходите од учењето..Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, истата редовно се применува, а секој наставник се посетува на час во првото и/или второто полугодие од учебната година, од директорот.<br>Училиштето ја контролира работата на наставниците и дава поддршка во планирањето на професионалниот развој на наставниците и нивните образовни потреби во смисла на:<br>• вклучување, маркетинг и презентација на активности кои се реализираат од страна на учениците, наставниците и училиштето<br>• вклучување на семинари (професионална надградба на наставниците), дообразование;<br>• одредување на ментори од вработениот наставен кадар |

| | |
|---|---|
| | Распоредот во училиштето се изаботува во согласност со Наставниот план за деветгодишно и шестгодишно основно образование опфаќајќи ги задолжителните и изборните предмети, дополнителната и додатната настава и часовите на одделенската заедница според пропишаниот број на часови за секоја учебна година.<br>Наставниците изработуват индивидуален распоред на часови во соработка и усогласеност со распоредот на часови од групната настава.<br>При израбтка на распоредот на часови се внимава на оптималнате можности за запазување на интересите на учениците (други вонннаставни активности).<br>Со целда се развие еколошката свест кај учениците, наставниците на ниво на активи изработуваат годишни планирања за имплементација на точките на акција од еко-стандардите од програмата ”Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ во наставните предмети, како еко – содржини поврзани со содржините од наставните предмети што одговараат со возраста на учениците. |

**3.2. Наставен процес**

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | • Наставни форми и методи<br>• Употреба на ИКТ во наставата<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>• Приодот на наставникот кон учениците<br>• Следење на наставниот процес |

| ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ | КОНСТАТАЦИИ |
|---|---|
| Инструмент за следење на планирањата и подготовката на наставниот час;<br>Инструмент за следење на изведбата на наставниот час; | Наставниците користат разновидни форми, методи и техники кои се добро испланирани и соодветствуваат на потербите на учениците и нивните стилови на учење. Дел од современите методи и форми на работа се користат во индивидуална работа со учениците, односно во групи. Целта на примената на современите форми и методи е развивање на индивидуалните способности на секој ученик, внесување на претприемништво и вештини за соработка, комуникација, развивање на критичко мислење, креативност и иновација. |

| | |
|---|---|
| Инструмент за следење на водењето и текот на наставниот час;<br>Увид на час;<br>Годишни, тематски, дневни планирања;<br>Годишна програма за работа на директор.<br>Интервјуа со наставници и ученици;<br>Анкетен прашалник за наставници;<br>Анкетен прашалник за ученици<br>Сертификација на наставници;<br>Анализа од прашалник за ученици, прашалник за наставници, прашалник за родители | На овој начин, наставниците мошне успешно ги развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка и комуникација. Анкетираните наставници применуваат ИКТ во наставата за што потврдно одговорил и директорот.<br>При реализирање на овие наставни форми и методи како ресурси се користат: компјутер, музички инструменти,печатач, училишна табла, текстови, стручна литература и др.<br>Домашните задачи, наставниците ги планираат во текот на планирањето и подготовката на наставните содржини.<br>При изборот на задачите, активностите и ресурсите, наставниците секогаш се грижат истите да бидат во корелација со наставните содржини и да се во функција на остварување на очекуваните резултати од учењето, притоа давајќи им јасни инструкции за учениците со посочување на материјали и информации. Особено се обрнува внимание задачите да не бидат премногу долги, да се соодветни на возраста на учениците, нивните предзнаења и способности, да се интересни за учениците и да ги поттикнуваат на понатамошно истражување и учење, да ја стимулираат креативноста, да ги поттикнуваат на меѓусебна соработка.<br>Наставницитеимаатважнаулогавоформирањетонаработнатаатмосфера.<br>Со цел да поттикнат пријатна и стимулативна работна клима во училницата, наставниците даваат јавни пофалби на учениците, а исто така позитивно се произнесуваат за активните и дисциплинираните ученици на Наставнички совет итн.<br>Сите наставници ја почитуваат личноста на ученикот, не им се обраќаат со погрдни и навредливи зборови. Наставниците немаат стереотипи за машки и женски активности и професии и забрануваат таквите стереотипи да ги користат учениците.<br>Новата положба на наставникот е резултат на поставување на такви основи кои акцентот во наставата помалку го ставаат на наставникот и неговото предавање, а сè повеќе се практикува стекнување на знаења, вештини и градењето на ставови од страна на учениците.<br>Сите наставници имаат одредени компетенции, па според тоа се мери и степенот на нивната успешност. Приодот на наставниците кон учениците вклучува секојдневна грижа за учениците, вештина да знае и разбира како учениците учат и се развиваат. На часовите наставниците се ангажираат учениците да стекнуваат соодветни сознајни искуства кои го помагаат нивниот развој и ги охрабруваат да преземаат одговорност за сопственото учење. Со својата упорност ги поттикнуваат и мотивираат учениците да учат и да постигнуваат подобри резултати, притоа особено се обрнува внимание на помалку успешните ученици.<br>Наставниците се грижат за физичкиот, емоционалниот и когнитивниот развој на учениците, со акцент |

| | |
|---|---|
| | на воспитно запуштените ученици, учениците кои имаат проблеми во учењето или тешкотии во развојот. Исто така наставниците ги почитуваат ставовите на секој ученик, создаваат услови и поттикнуваат дијалог меѓу учениците, обезбедуваат можности за активно ангажирање и користење на сите идеи на учениците.<br>Следењето на наставниот процес опфаќа следење на динамиката на реализацијата на годишните и тематските планирања на наставниците како и дневните подготовка за секој наставен час, како и изборот на наставни средства. Следењето на овие материјали се одвива во писмена или електронска форма.<br>За успешно реализирање на наставата и постигнување на повисоки цели , се следеше работата на секој наставник при изработката на наставни средства, начинот на кој се вршеше подготовка.<br>Директорот го следеше и процесот на следење, проверување, поттикнување и оценување на развојот и напредувањето на учениците во воспитно-образовниот процес, користењето на методи, постапки и техники сообразени со содржините што се оценуваат и со возраста на учениците.<br>Покрај следењето на задолжителната настава се следеше и реализацијата на дополнителната и додатната настава, заради специфичноста на содржините.<br>Важен сегмент во следењето на наставниот процес беше и следењето на оценувањето на постигањата на учениците, инструментите за оценување, континуираноста во оценувањето (учениците треба да имаат оценки во одделенските дневници (на паралелки) по наставните предмети што се предвидени со наставниот план за тримесечјата, на крајот на првото полугодие и на крајот на наставната година), транспарентноста и слично.<br>За продлабочување на знаењата на учениците и за нивно оспособување за истражувачка и самостојна работа, наставниците ги поттикнуваа и интензивно ги подготвуваа учениците за општински, државни и меѓународни натпревари. |

## 3.3. Искуства на учениците од учење

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | • Средина за учење<br>• Атмосфера за учење<br>• Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>• Поттикнување на учениците за преземање одговорност во реализацијата на еколошките проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди<br>• Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето |

| ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ | КОНСТАТАЦИИ |
|---|---|
| Анкетен прашалник за ученици;<br>Анкетен прашалник за родители.<br>Анкетен прашалник за наставници;<br>Годишна програма на училиштето;<br>Програма за работа на Еко-одборот;<br>Анализа од прашалник за ученици, прашалник за наставници, прашалник за родители | Средината за учење влијае врз когнитивниот, социјалниот, емотивниот и физичкиот развој на детето. Со создавањето физички, психички и социјално безбедна и стимулативна средина која нуди разновидни материјали, задачи и ситуации, соодветни на развојното ниво, во училиштето се поттикнува учењето, индивидуалното и групно истражување, играта, користењето на разни ресурси и интеракција со други деца и возрасни. Наставниците се грижат секое дете да се чувствува добредојдено при што испраќаат порака дека ја почитуваат секоја единка, дека секое дете и семејство е важен дел од училишната заедница и дека секое дете има можност да ги користи заедничкиот училишен простор и ресурси и да учествува во нивното одржување. Наставниците ги охрабруваат учениците да работаат и индивидуално и заеднички, да се вклучуваат во различни видови активности и да преземаат одговорност за учењето.<br>При обезбедување на добра средина за учење фокусот беше ставен на развивање на социјално-емоционалните услови во кои учениците можат да напредуват, притоа имајќи предвид дека физичката, психичката и социјалната средина честопати се преклопуваат и си влијаат едни на други. Притоа учениците се отворени кон околината, емотивно се достапни и флексибилни, бидејќи се во средина која ги задоволува нивните потреби.<br>Учениците го доживуваат училиштето како мотивирачка и стимулирачка средина каде што добиваат признание и пофалби, чувството дека се прифатени и ценети од другите, чувството на припадноста на група. Нивните трудови се вреднуваат и се истакнуваат јавно преку организација на повеќе училишни концерти. |

| | |
|---|---|
| | Користејќи ги образовните искуства, како значаен фактор за унапредување на учењето е и потребата од создавање топла и интересна средина за учење.<br>Најголем дел од наставниците многу вешто го привлекуваат вниманието на учениците и користат различни активности со цел да ги стимулираат учениците за темата која треба да ја обработуваат. Често им нагласуваат зошто е тоа важно за нив и на кој начин ќе им користи во животот. Вградуваат прифатливи и интересни содржини и им се нагласува важноста и целта на секоја содржина. Наставниците јасно ги искажуваат очекувањата од учениците. Кога тоа го дозволуваат наставните содржини и организацијата на часот работаат заедно со учениците, притоа поттикнувајќи ги сами да ги поправаат своите грешки и да учат од нив, да соработуваат наместо да се натпреваруваат за да можат учениците да учат едни од други и да се чувствуваат попријатно преку што се развиваат и вежбаат интерперсоналните вештини.<br>Во реализација на наставниот процес се почитува искуството на учениците, им се посветува време за да дознаат од претходните искуства и знаења, им се остава простор да дадат свои иницијативи со бирање на активностите во кои ќе учествуваат, вклучувајќи се во практични активности.Позитивната атмосфера и работна клима во училиштето опфаќа позитивни интеракции, ефикасна организација, можност за различни стилови на учење, емпатичен однос од страна на возрасните.Различните интереси, способности, претходни искуства и вештини кај учениците се третираат како предности, а не како пречки кои треба да се отстранат.<br>Атмосферата во училиштето го поддржува успехот на секој ученик, без разлика дали најдобро работи сам или во група.<br>Организирани форми на поттикнување, мотивирање, остварување соработка меѓу учениците и наставниците, училиштето има за време на Седмоноемвриски, Осмодекемврски концерт,Новогодишен концерт, Осмомартовски концерт,Велигденски концерт, Годишен концерт, како и Јавни часови на секоја класа..<br><br>Училиштето во голема мера ги поттикнува учениците за преземање на одговорност. Почитувајќи го принципот на демократичност сите ученици требаше да научат што е демократија, односно како треба да се однесуваат како дел од училишната целина, да научат што е училишна дисциплина и како истата треба да се одржува и почитува, да научат да го применува знаењето што го стекнале. Ако сме успеале да ги научиме учениците за тоа дека демократија значи - секој треба да го остварува своето право без да го загрозува правото на другите тогаш чувството за одговорност ќе биде развиено толку колку што ќе биде развиено чувството за припадност во заедница.<br>Досегашната пракса во училиштето ни покажа дека чувството на припадност и одговорност не може да |

| | |
|---|---|
| | се гради со примена на строги дисциплински мерки туку единствено со педагошки систем со одбрани содржини и методи кои обезбедуваат сестрано ангажирање на ученичките потенцијали. Со овој начин на работа кај учениците се развива свесната дисциплина која подразбира и преземање одговорност и извршување на училишните обврски на ученикот. Во тие училишни обврски спаѓаат секојдневото редовно доаѓање на училиште, уредно и редовно извршување на домашните работи, совладување на наставните содржини, подготвки за следните часови, реализација на истражувачки активности, исполнување на обврските за лична хигиена и хигиената во училницата.<br>Кога сме ги научиле учениците да ги постават и да ги остварат своите цели, тогаш всушност сме им помагнале да преземаат ризици и да ги согледуваат предностите и недостатоците на своите идеи и работа.<br>Во училиштето постојат одредени релации на комуникација кои се почитуваат од сите субјекти, односно од наставниците и учениците. Меѓусебната интеракција кај учениците е на задоволително ниво, додека пак како причини за одредени состојби и конфликтни ситуации меѓу учениците би ги издвоиле пред се недостаток на потреба за комуницирање, агресивност, ниска култура на однесување, емотивна нестабилност, низок степен на толеранција, негативни надворешни влијанија и слично. |

## **3.4. Задоволување на потребите на учениците**

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | • Идентификување на образовните потреби на учениците<br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата<br>• Обезбедување и одржување на здрава и чиста животна средина за работа и учење |

| ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ | КОНСТАТАЦИИ |
|---|---|
| Анкета за ученици;<br>Анкета за наставници; | За надминување на негативните состојби во реализацијата на наставниот процес и вонанставните активности како појдовна платформа беа усвоени и се следеа следните принципи: зголемувањена |

| | |
|---|---|
| Анкета за родители<br>Записници Наставнички совет;<br>Записници од Совет на родители;<br>Наставни планови и програми;<br>Сертификати на наставници од одржани обуки<br>Анализа од прашалник за ученици, прашалник за наставници, прашалник за родители | мотивираноста и креативноста на наставниците, а со тоа и научениците, поттикнување на индивидуален пристап кон ученикот и неговата личност, истражувачки пристап во решавање на задачите и проблемите, разновидност и користење адекватни наставни форми и методи, користење и примена на современа татехнологија во наставата, преминодмономедијален кон мултимедијален пристап во реализација на наставата.<br>Наставниот процес нанеко јначин претставува интеракција меѓу наставникот и ученикот и обратно. Значи, наставниот процес ќе биде на квалитетно ниво само ако се постигне активна соработка со учениците. Во таа соработка се вклучени наставниците, одделенските раководителии директорот, од една страна, а учениците и нивните заедници од друга страна. На тој начин образовниот кадар ги идентификува и почитува потребите на учениците. Во рамките на активностите на училишната заедница, учениците се поттикнуваат да ги изразат своите потреби и предлози за:<br>• Избор на најприфатливи техники и методи на учење;<br>• Избор на најприфатливи методи на оценуванье;<br>• Постигнување на повисок степен на одговорност на учениците кон учењето и училишниот имот.<br>Поаѓајќи од фактот дека социјално-емоционалниот развој на детето е основата на неговиот понатамошен успех во животот, наставниците користат стратегии и техники кои им помагаат на децата да имаат „добри чувства— за себе и изразено чувство на индивидуалност, за да им помогнат да се чувствуваат прифатено и ценето од возрасните и врсниците кои им се важни. За учениците да се чувствуваат уважено, наставниците пред се ги идентификуваа различните потреби и потенцијали.<br>Во процесот на поучување наставниците користеа стратегии на активно учење кои на холистички начин ги покриваат сите развојни области на детето, што опфаќа активности кои го поттикнуваат истражувањето, експериментирањето, самостојното испитување и креативноста, стратегии и техники за развивање мисловни вештини од повисок ред и решавање проблеми. Исто така не ретко наставниците се служат со неформалното учење надвор од задолжителната настава. Според идентификуваните различни потреби на учениците и наставниците често разговараа со учениците за тоа кои се крајните цели на учењето и ги поттикнува да размислуваат за својот процес на учење и неговите резултати , ги поттикнува учениците како помош во учењето, да ја користат достапната технологија која е соодветна на возраста.<br>Наставниците користеа разновидни стратегии за активно учење со кои учениците се поангажирани во учењето, уживаат во активностите, развиваат повеќестрана интелигенција, развиваат самодоверба дека се способни да учат, развиваат целосно (физички, емоционално, социјално и когнитивно), согледуваат врски помеѓу различни развојни и содржински области и можат да пренесуваат знаење и |

| | |
|---|---|
| | вештини меѓу нив, развиваат вештини за доживотно учење.<br>Исто така наставниците според различните потреби на учениците поттикнуваа истражувачки активности,експериментирање, самостојното испитување и креативноста, со цел кај учениците да се развива креативноста, учениците да се поангажирани во учењето, да се развива самодоверба, да се развиваат критичко мислење и вештини за решавање на проблеми како и да се преземаат ризици при учењето.<br>Наставниот кадар и директорот систематски гиидентификува образовните потреби на учениците во процесот на учење на секој ученик според постигнатите резултати по одреден предмет, активност на час, интересот на одредени ученици во одредени области и сл. За своите образовни потреби, учениците разговараат со класниотт раководител, а наставниците разговараат на Наставничките совети и на Совет на родители. Образовните потреби на учениците се задоволуваат и преку слободен избор на изборни предмети. Според потребите и способностите на учениците можеа да посетуваат дополнителна настава (за ученици кои имаат потешкотии во учењето ) и додатна настава (за учениците кои покажуваат посебен интерес за одредена област или подрачје).<br>Секој ученик има можност да ги истакне своите афинитети со учество во слободните ученички активности. Учениците пројаввaат голем интерес и придонес во проектот „Еко-училиште“.<br>Наставниците водат грижа за образовните потреби на секој ученик преку организирање и реализирање: редовна настава, дополнителна настава, додатнанастава, преку темелно објаснување на материјалот, разговор за нивните интереси, индивидуални разговори за разни теми, разговори за проблеми од лична природа. За поефикасно решавање на проблемите со учењето на учениците се водат индивидуални разговори со родителите. |

## 3.5. Оценувањето како дел од наставата

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | • Училишна политика за оценување<br>• Методи и форми на оценување<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |

| ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ | КОНСТАТАЦИИ |
| --- | --- |
| Програма за работа на училиштето;<br>Увид во педагошка евиденција и документација;<br>Анкети со ученици и наставници;<br>Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители;<br>Инструмент за следење и вреднување на работата наставникот за оценувањето на постигањата на учениците.<br>Анализа од прашалник за ученици, прашалник за наставници, прашалник за родители | Во изминатиот период училишната политика за оценувањето главно беше фокусирана на подобрување на квалитетот на оценување и следење на оценувањетово училиштето.<br>Училиштето води политика за унапредување на оценувањето која ги вградува законските и подзаконските прописи. Целите и задачите се да се постигне објективно и континуирано оценување кое води кон повисоки постигнувања на учениците. Поддршката на учениците и почитувањето на стандардите и критериумите за оценување, како тендецијата за изедначување на оценувањето преку примена на формативно и сумативно оценување се во функција на подобрување на учењето и поучувањето.<br><br>• **Микросумативно оценување**<br>На крајот од секое тримесечје врз основа од сознанијата од формативното оценување се реализира микросумативно оценување од чии резултати се оформуваат кварталните описни вреднувања за постигањата на учениците од прво до шесто одделение и бројчани оценки за учениците од седмо до деветто одделение за деветгодишно школувње, додека од прво до трето одделение описно, а од четврто до шесто одделение бројчано за шестгодишно школување.<br>• **Сумативно оценување**<br>Учениците кај деветгодишното школување од I – III се оценуваат описно, од IV – VI се оценуваат описно и со бројчани оценки, а учениците од VII – IX се оценуваа само со бројчани оценки. Кај шестгодисното школување, од I-III одделение ,оценувањето е описно и бројчано, а од IV-VI одделение само бројчано.Поведението на учениците се оценуваше како примерно, добро и незадоволително.<br>Училиштето води транспарентна и објективна политика при оценувањето на учениците. Наставниците во процесот на оценување како рамка ги употребуваат критериумите за оценување пропишани од Министерството за образование и наука или критериуми за оценување на учениците, во поедини одделенија кои самите ги изработиле, врз основа на Наставниот план и програма.<br>Во анкетниот прашалник за ученици, учениците одговориле на следните прашања:<br>1. Дали задачите кои ви се зададени да ги извршите дома ве поттикнуваат за понатамошно истражување , учење и ја стимулираат вашата креативност? |

| | |
|---|---|
| | Сосема точно<br>Точно во најголем дел<br>Делумно точно<br>Неточно<br>89.2 % од учениците одговориле – Сосема точно<br>8.1 % од учениците одговориле – Точно во најголем дел<br>2.7 % од учениците одговориле – Делумно точно<br>0 % од учениците одговориле - Неточно<br>2. Наставниците ме поттикнуваат да ги извршувам самостојно своите задачи.<br>Сосема точно<br>Точно во најголем дел<br>Делумно точно<br>Неточно<br>89.2 % од учениците одговориле – Сосема точно<br>10.8 % од учениците одговориле – Точно во најголем дел<br>0 % од учениците одговориле – Делумно точно<br>3. Оценувањето е праведно и ме поттикнува да го подобрам учењето.<br>Сосема точно<br>Точно во најголем дел<br>Делумно точно<br>Неточно<br>91.9 % од учениците одговориле – Сосема точно<br>8.1 % од учениците одговориле – Точно во најголем дел<br>0 % од учениците одговориле – Делумно точно<br>Во анкетниот прашалник за родители,родителите одговориле на следните прашања:<br>1. Оценувањето на учениците во училиштето е реално и објективно.<br>Сосема точно<br>Точно во најголем дел<br>Делумно точно<br>Неточно<br>96.1 % од родителите одговориле – Сосема точно<br>5.9 % од родителите одговориле – Точно во најголем дел |

| | |
|---|---|
| | 0 % од родителите одговориле – Делумно точно<br><br>2. Училиштето води грижа за учениците кои имаат мали потешкотии во учењето.<br>Сосема точно<br>Точно во најголем дел<br>Делумно точно<br>Неточно<br>70.5 % од родителите одговориле – Сосема точно<br>11.8 % од родителите одговориле – Точно во најголем дел<br>5.9 % од родителите одговориле – Делумно точно<br>11.8 % од родителите одговориле - Не одговориле |

**3.6. Известување за напредокот на учениците**

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | • Известување на родителите за напредокот на учениците |

| ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ | КОНСТАТАЦИИ |
|---|---|
| Увид во педагошка евиденција и документација; | Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно ги применува. Системот вклучува: |

| | |
|---|---|
| Анкети со родители;<br>Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители;<br>Писмени извештаи;<br>Евидентни листови<br>Ученичко портфолио<br>Анализа од прашалник за ученици, прашалник за наставници, прашалник за родители | а) формални средби:<br>• родителски средби<br>• средби родител - наставник што може да се оствари по проценка на наставникот според потребите на индивидуалниот развој на ученикот<br>б) неформални средби:<br>• истите може да бидат индивидуални средби со родителите, зависно од образовните и воспитни потреби на учениците, кои се добро организирани и на кои јасно се пренесуваат информациите:<br>≠ усни<br>≠ писмени верифицирани документи на крајот од секое тромесечие и на крајот од учебната година (евидентни листи и свидетелства)<br>Формалните родителски средби кои имаат свој дневен ред и истиот се запишува во одделенските дневници. Истите се одржуваат после секој период на оценување: прво тримесечие, крај на прво полугодие, трето тримесечие со доделување на Евидентни листи за успехот на учениците и на крајот на учебната година после одржувањето на Наставнички совет каде се утврдува крајниот успех на учениците, со што на родителите им се дава можност 3 дена од известувањето да поднесат приговор при незадоволство од изведената оцена по одреден наставен предмет.<br>Неформалните средби се организираат по потреба, родителите се покануваат и на индивидуални средби во училиштето после секој период на оценување, каде се разговара и за евентуалните емотивни или социјални проблеми кај децата. Од родителите секогаш се бара повратна информација после средбата,односно веднаш се договара следна средба во скоро време за да се увиди напредокот или ако има потешкотии да се работи интензивно на нивно разрешување. Во нашето училиште има усвоен кодекс на однесување во училницата, а изработен е и Кодекс за однесување во училиштето и неговите простории за наставници и ученици. |

**РЕЗУЛТАТИ**

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | • Училиштето остварува соработка со други училишта од регионот за размена на искуства.<br>• Наставниот кадар навремено и професионално ги планира предвидените наставни планови и програми користејќи ИКТ и активни форми и методи на работа.<br>• Наставници кои успешно ги интегрираат наставните предмети реализирајќи ги поставените цели со наставните планови и програми.<br>• Успешно интегрирање на еколошката програма во реализација на редовната настава и |

| | |
|---|---|
| | воннаставнитеактивности.<br>• При оценувањето се применуваат стандарди на оценување.<br>• Учениците се следат, оценуваат и навремено и транспарентно известуваат за добиената оценка. |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | • Недоволна вклученост на родителите во активности за ревидирање, измени и дополнувања на наставните планови и програми.<br>• На отворените денови и родителските средби редовно доаѓаат родителите на учениците што покажуваат повисоки постигнувања. |

**АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ**

**Во реализацијата на наставниот процес** како појдовна платформа, усвоени се следните принципи :

зголемување на мотивираноста и креативноста на наставниците, а со тоа и на учениците;

поттикнување на индивидуален пристап кон ученикот и неговата личност;

истражувачки пристап во решавање на задачите и проблемите;

разновидност и користење адекватни наставни форми и методи;

користење и примена на современата технологија во наставата;

премин од мономедијален кон мултимедијален пристап во реализација на наставата;

**Наставниот кадар**, во голема мера е стручно оспособен за успешно имплементирање на современата образовна технологија, при што користат разновидни, современи и адекватни наставни форми и методи :

индивидуална работа со учениците;

креативност во работата и истаражувачки пристап при реализацијата на наставниот процес;

премин од мономедијален кон мултимедијален пристап во реализација на наставата;

кадровска оспособеност и екипираност за тимска работа;

усвојување на менторски принцип на работа;

истражувачки пристап во решавање на задачите и проблемите;

Раководниот тим во училиштето, во соработка со наставниот кадар, континуирано настојува да ги разбие постоечките стереотипи, поттикнувајќи го взаемното почитување меѓу учениците од различен пол, различна етничка или верска припадност или учениците со различни психо-физички способности и создавајќи здрава училишна средина.Обезбедувањето на еднаквост помеѓу машките и женските ученици се развива преку секојдневните воспитно-образовни активности, советодавни разговори за одредени проблеми на ова поле, контакти со родители и сл.

**Еден од основните императиви на нашето училиште** за задоволување на емоционалните, физичките и социјалните потреби, независно од половата и етничката припадност на учениците е: поттикнување на индивидуален пристап кон ученикот и неговата личност како и негово активно вклучување во наставниот процес;

**Активната соработка со родителите** и навременото, континуирано оценување на учениците, независно од половата и етничка припадност, е уште една можност за еднаков третман на учениците во училиштето, во процесот на испрашување, користењето на ресурси и повратните информации. Евидентираните податоци, во континуитет им се соопштуваат на учениците и на родителите, кои пак според потребите и можностите превземаат активности за подобрување на напредокот на своите деца.

**ИДНИ АКТИВНОСТИ**

- Стручно и професионално усовршување на целокупниот кадар за реализација на настава со ученици со посебни образовни потреби
- Интерна и екстерна обука во поглед на пристапот, постапките и критериумите за објективно оценување;
- Изготвување на годишен план во рамките на стручните активи за имплементација на интегрирана настава.

# Подрачје 4: Поддршка на учениците

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 4.1. | Севкупна грижа | • Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>• Превенција од насилство.<br>• Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот<br>• Грижа за учениците од социјално загрозени семејства |
| 4.2. | Здравје | • Хигиена и заштита од болести<br>• Грижа за учениците со здравствени проблеми |
| 4.3. | Советодавна помош за понатамошно образование на учениците | • Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување<br>• Грижа за учениците со емоционални потешкотии |
| 4.4. | Следење на напредноста | • Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>• Анализа на напредокот на учениците по паралелки |

## 4.1. Севкупна грижа

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | • Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>• Превенција од насилство<br>• Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот |

| | |
|---|---|
| | • Грижа за учениците од социјално загрозени семејства |

| ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ | КОНСТАТАЦИИ |
|---|---|
| Годишна програма за работа на училиштето;<br>План за воннаставни активности;<br>План и програм за грижа за здравјето на учениците;<br>Кодекс на однесување во Училиштето;<br>Увид во просториите на училиштето и училишниот двор;<br>Записници од Наставнички совет;<br>Анализа од прашалник за ученици, прашалник за наставници, прашалник за родители | Во училиштето постојат безбедни услови за изведување на настава и воннаставни активности како во учлниците така и во училишниот двор. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност во наставата.Училишниот простор е безбеден за изведување на настава и инфраструктурата во училиштето (мебел, подови, прозорци, струјни места, двор) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците. Училиштето<br>Има пропишани мерки и активности за безбедноста на учениците во текот на наставата во училишната зграда и двор. Сите опасни места во училиштето и училишниот двор(шахти, штекери и сл.) се заштитени и не претставуваат опасност за учениците.Обележани се хидрантните бази, редовно се сервисирани и проверени ПП апаратите.<br>Училиштето има изработен план за движење при евакуација.<br>Училиштето располага со опрема за прва помош и заштита, ПП апарати, хидранти и громобранска инсталација.<br>Во училиштето редовно се водела грижа за развојот на учениците и нивно формирање во здрави, позитивни личности. За обезбедување на благосостојбата на учениците, за време на наставата која се изведува во двесмени се следи состојбата во училиштето и училиштниот двор и навремено се реагира и ја превенира за безбедноста на учениците.<br>За дополнителна заштита на учениците и навремено алармирање на одредени ситуации, зградата во училиштето е под видео надзор.<br>Училиштето ги користи сите позитивни законски прописи за санкционирање на сите облици на однесување кои се сметаат за психичко и физичко и во случај на поднесување на поплаки училиштето настапува навремено и непристрасно.<br>За учениците за кои постои сомневање дека се физички или ментално злоупотребени, известувањето се врши преку предметниот наставник кој го забележал тоа или има сознанија од други ученици до класниот раководител.Тој пак,контактира и разговара и со родителот на ученикот. Ваквиот пристап ќе му помогне на ученикот полесно да ги надмине последиците од сето тоа. Во врска со ова, може да се види и резултатот од спроведената анкета за ученици која е дадена во прилог.<br>Врз основа на анализата добиена од спроведената анкета, на прашањата за присуство на насилство |

| | |
|---|---|
| | меѓу учениците во училиштето, дојдовме до заклучок дека учениците се добро информирани што е насилство и решителни за пријавување нанасилство доколку го има. На прашањето Дали сметате дека постои насилство меѓу учениците во училиштето дури 93 % одговориле дека го нема. Според одговорите на прашањата од анкетите учениците и родителите ја рангираат безбедноста во училиштето со највисоката оценка што покажува дека учениците навистина се чувствуваат безбедни во училиштето додека се на настава, а истото мислење го делат и родителите.<br>Училиштето има пропишани процедури за грижа на учениците со телесни пречки во развојот и континуирано ги подобрува условите и планирањето со цел да се обезбеди соодветна опрема за училишните простории, вклученост на човечките ресурси за континуирана подршка на учениците со посебни потреби и формирање на механизми за ефикасност вообразовниот систем.<br>Училиштето реализираше поинтензивна и искрена соработка со родителите и други релевантни институции во обезбедување грижа за оваа категорија на ученици како подршкана целиот процес за со цел да им се помогне на децата со потешкотии и пречки во развојот.<br>Училиштето оди во насока на справување и разграничување на стереотипите и предрасудите за да јапромени и поткрепи јавната свест со цел да предизвика промени во ставовите на субјектите во училиштето и надвор од него со што негативните ставови и бариери би се надминале.<br>Пристапот во училиштето е прилагоден на потребите на учениците со телесни пречки во развојот. Оваа категорија на ученици не пречe но можат да се движат во дворот и на приземјето во училиштето.<br>Училиштето нема пропишани процедури зао безбедување материјални средства на учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства. Заоценување на социјалните потреби на учениците, училиштето користи непосредни разговори со учениците,родителите и директорот.<br>Во училиштето се идентификуваат деца - ученици од социјлно загрозени семејства. За нив се посветува  грижа од два аспекти: емоционална заштита на личноста на ученикот и пружање на материјлна и финансиска помош.<br>Емоционалната заштита се остварува претежно од соучениците,а поддршка добиваат од разговорите со класниот раководител , кои им влеваат самодоверба и им даваат морална поддршка.<br>Материјлната и паричната помош се остварува  преку: донирање инструменти, прибор и друг ученички материјал;– што е значајно за целосната интеграција на учениците од социјално загрозени семејства во наставните и вonнаставните активности. |

## 4.2. Здравје

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | • Хигиена и заштита од болести<br>• Грижа за учениците со здравствени проблеми |

| ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ | КОНСТАТАЦИИ |
|---|---|
| Годишна програма за работа на училиштето;<br>План за воннаставни активности;<br>Дневник за работа и записници од родителски средби;<br>Записници од Наставнички совет;<br>Записници од надлежни органи за контрола на хигиената;<br>Фактури за набавка на средства за хигиена и дезинфекција;<br>Извештај од систематски преглед;<br>Анализа од прашалник за ученици, прашалник за наставници, прашалник за родители | Хигиената е важен сегмент во работата и активностите во училиштето се со цел да се овозможи безбеден престој на учениците и пријатна атмосфера за работа во училиштето.Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена. Хигиената во училиштето е на задоволително ниво. Училиштето располага со правилник за работана помошниот персонал, по кој се постапува и дејствува во сферата на нивните задолженија и активности. Ходници и скали, метење три пати во денот, рибање – еднаш дневно. Училници - метење и рибање по еднаш во текот на денот. Другите простории (наставничка канцеларија, канцеларија на директор,сите останати простории)- метење и рибање еднаш во текот на денот. Комплетно чистење на просториите, прозорците, завеси, мебел се прави два пати во годината, по еднаш во полугодие. Дезинфекција на тоалетите, ученички и наставнички се прави по еднаш во денот и тоа навечер. Отстранување на отпад се прави два пати во денот и тоа на меѓу смена и навечер**.** Од анкетниот лист кон стантиравме дека скоро сите ученици сметаат дека секогаш се водеше грижа за хигиената, најголемиот број од родителите се согласуваат со оваа констатацијаа и сите наставницитв елат дека секогаш редовно се одржуваше хигиената во училиштето.<br>Дворот во училиштето е чист од секакви отпадоци, тревните површини редовно се оддржуваат од страна на лице задолжено за оддржување на училишниот двор. Во дворот на училиштето, во секоја училница и ходниците има корпи за отпадоци, а наставниот кадар и учениците од ЕКО одборот се грижат учениците отпадот да го фрлаат во нив. Училиштето во почетокот на учебната година реализи радезинфекција, дератизација и дезинсекција (ДДД) на ситеп ростории во училиштето. По потреба, во случаи на епидемии од грип, истот мож да се изврши и поповеќе од два пати. |

| | |
|---|---|
| | Содавање акцент на хигиената воучилиштето учениците сезаштитуваат и од појава на заразни болести, а за таа цел училиштето соработува со надлежните органи за контрола на хигиената и здрављето на децата. При спроведување на анкетата на прашањето Дали хигиената во училиштето и училишниот двор е на високо ниво учениците одговориле во најголем дел 81 % сосема точно, додека останатите точно во најголем дел и многу мал процент делумно точно.<br><br>При појава на епидемија училиштето во согласност со правилата и насоките дадени од епидемиолошката служба, ги информираат за симптомите, преносливоста и превенцијата, учениците, родителите и наставниците за посебен режим на однесување, како во училиштето, така и надвор од училиштето, се со цел навреме откривање и побрзо санирање на болеста. Стручната служба во ваков случај секој ден ја проверува состојбата на отсуства во училиштето, на ученици поради болест и врз основа на тоа се превземаат дополнителни дејства за реализирање на наставата.<br>Во анкетниот лист за родители на прашањето Дали училиштето водеше грижа за здрављето на учениците согласно прописите од ресорното Министерство за време на пандемијата родителите одговориле во најголем процент 93 % сосема точно и само 7 % одговориле точно во најголем дел што подразбира дека родителите се сосема задоволни од односот на училиштето кон околнистите во се наоѓавме.<br><br>Училиштето издвојува парични средства за набавка на квалитетни средства за чистење, дезинфекција и лична хигиена. Од страна на надлежните органи за контрола на хигиена, училиштето добива записник со донесени решенија.<br>На учениците, кои во одреден период се спречени да ја следа редовнат настава од здравствени проблеми, училиштето им овозможува полагање на одделенски испит на крајот на учебната година. Училиштето за учениците кај кои се идентификувани здравствени проблеми, добива сознанија од родителите на учениците, кои разговараат со класниот раководител. |

## 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

| ТЕМИ | • Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување<br>• Грижа за учениците со емоционални потешкотии |
|---|---|

| ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ | КОНСТАТАЦИИ |
|---|---|
| Годишна програма за работана училиштето на План за воннаставни активности; План и програм за грижа за здравјето на учениците; Дневник за работа и за писници од родителски средби; Записници од Наставнички совет; Анализа од | Во согласност со Програмата за професионално ориентирање и информирање на учениците се реализираа следните активности:<br>1. Информирање во текот на наставниот процес – во текот на редовната настава на учениците, низ слободните ученички активности и низ други форми на ученичко ангажирање им беа дадени потребни информации за средните училишта и за одделни занимања.<br>2. Работа со родители – се разговара со родителите на следниве теми:<br>• Основни принципи за професионалната ориентација кај учениците;<br>• Како да му се овозможи на детето да ги развие своите интереси;<br>• За познавање на интересот и способноста на сопственото дете и неговата желба за иднина;<br>• Желбите на учениците и амбициите на родителите при изборотна идното занимање на детето;<br>• Предрасудите за ,,машки и женски“ занимања, односно за вредноста на физичкиот и на умствениот труд;<br>3. Следење на радио и ТВ емисии во кои се зборува за занимањата кои се изучуваат;<br>4. Предавања за учениците – Теми: – физичките и психичките можности на учениците во однос на нивните желби, способности, материјални можности на родителите, можностите за упис на одделни училишта и можностите за вработување.<br>5. Запознавање на учениците со програмите на средните училишта<br>6. Запознавање на родителите на учениците со податоци од Агенцијата за вработување за суфицитарни и дефицитарни занимања;<br>7. Анкетирање на учениците – спроведување Анкета која содржи прашања преку кои се открија желбите и интересите на учениците кон одделни занимања и на мери каде да го продолжи школувањето. |

| | |
|---|---|
| прашалник за ученици, прашалник за наставници, прашалник за родители | Се спроведува анкети за испитување на желбите и интересите на учениците и се вршеа индивидуални средби со наставниците.<br>Од спроведените анкети скоро сите анкетирани ученици сметаат дека наставниците секогаш се труделе учениците да постигнат добри резултати кои ќе влијаат врз нивното понатамошно образование.<br>Учениците ги запознаваат со условите за конкурирање, програмите и други важни информации на нивни прашања.Училиштето делумно им помага на учениците при изборот на занимањето, професијата и институцијата за понатамошно образование, доусовршување преку осмислена програма за професионална ориентација која содржи повеќе активности. Информирани се за помошта што можат да ја добијат во училиштето. |

## 4.4. Следење на напредноста

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | • Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>• Анализа на напредокот на учениците по паралелки |

| ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ | КОНСТАТАЦИИ |
|---|---|
| Годишна програма за Работа на училиштето<br>Дневници на паралелки<br>Записници од<br>Родителски средби | За секое одделение во групната, односно за секој ученик во индивидуалната настава се води дневник во кој се наведени учениците со име и презиме, постигнувањата т.е оценките пооделните наставни предмети, поведението, отсуствата, родителски средби, учества на јавни настапи и натпревари (доколку ги има).<br>На учениците со континуиран и забележителен успех, на крајот од основното образование им се |

| | |
|---|---|
| Педагошка евиденција<br>Евидентни листови за Успехот на учениците<br>Свидетелства<br>Записници од Состаноци на Наставнички совет<br>Записници од Состаноци на Совет на родители<br>Анализа од прашалник за ученици, прашалник за наставници, прашалник за родители | доделуваат пофалниции плакети.<br>Целокупната евиденција може да се добие на увид по желба на родителите и учениците и истите се постојано информирани од страна на одделенските наставници. На секоја родителска средба родителот е известен за успехот, редовноста и поведението на своето дете. Покрај тоа редовно се организираат индивидуални родителски средби кои се забележуваат во педагошката евиденција.<br>Отсутноста на учениците од настава се следи, исто така, секојдневно и отсутниот ученик се евидентира во рубриката за отсутни ученици, а бројот на изостаноци се евидентира во рубриката за изостаноци. Според бројот на изостаноци на правени во текот на учебната година, се одредува поведението на учениците како: примерно, добро и незадоволително.<br>Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик/ученичка, но не и за неговиот/нејзиниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Во евиденцијата не се посебно акцентирани добрите страни на ученикот/ученичката и неговите/нејзините развојни потенцијали. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, наставниците и родителите за постигањата на учениците.<br>Евиденцијата за постигнувањата на учениците им е достапна на сите наставници, на учениците и на нивните родители. Со тие податоци, родителите за постигнувањата на нивните деца се информираат устно – на индивидуални средби со класниот раководител и предметните наставници, а писмено преку евидентните листови што им се даваат на учениците по секое тримесечие, на полугодие и со свидетелствата на крајот на учебната година.<br>Во анкетниот лист на прашањето Дали сметате дека во училиштето се води уредна евиденција и навремено информирање на родителите за успехот, редовноста и поведението научениците родителите одговориле во 70 % сосоема точно и уште 23% точно во најголем делшто укажува на високо ниво на задоволни родители. |
| **РЕЗУЛТАТИ** | |
| **ЈАКИ СТРАНИ** | • Во училиштето се води уредна евиденција и навремено информирање на родителите за успехот, редовноста и поведението на учениците;<br>• Училиштето во состав на Годишната програма има предвидено подрачје за грижа за здравјето на учениците; |

| | |
|---|---|
| | • Училиштето има донесено Кодекс на однесување на учениците.<br>• Соработка со родителите и  со други служби и институции одл окалната заедница за подршка на учениците;<br>• Постои ефективна соработка меѓураководниот кадар, стручнатаслужба, одделенските наставници и родителите за постигањата на учениците.<br>• Следење на индивидуалниот напредок на учениците<br>• Евиденцијата за постигнувањата на учениците им е достапна на сите наставници, на учениците и на нивните родители. |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | / |

**АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ**

Активностите за унапредување на физичкото и менталното здравје на учениците, како и континуираното следење на нивните емоционални, физички и социјални потреби, независно од половата и етничката припадност се еден од основните императиви на нашето училиште.

**Училиштето :**

- континуирано и успешно соработува со институциите во локалната средина
- прави напори максимално да им помогне на учениците со лоша социјална положба, прекуо безбедувањ на инструменти и учебни помагала,
- Постојаната и севкупна евиденција за успехот, поведението и редовноста на учениците, која ја води училиштето во континуитет, стручната служба и наставниот кадар ја користат за следење на напредокот на учениците и за превземање активности за подобрување на состојбите.

Нашето училиште со европска визија и со забрзани чекори се движи во глобалните европски и светски трендови на развој, соработка и комуникација. Таа тенденција е особено присутна во сферата на контактите со другите училишта, насочени кон изборот на понатамошно образование на учениците.

**ИДНИ АКТИВНОСТИ**

- Збогатување на програмата за грижа за здравјето на учениците;
- Организирање хумани акции за помош на децата од загрозени социјални семејства.

- Воспоставување релации со локалната самоуправа и бизнис заедницата за изнаоѓање заедничко решение за подобрување на квалитетот на хигиената на училиштето;

## Подрачје 5: Училишна клима и односи во училиштето

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 5.1. | Училишна клима и односи во училиштето | • Углед/имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето |
| 5.2. | Промовирање на постигањата | • Промовирање на личните постигања на учениците<br>• Промовирање на постигањата во име на училиштето |
| 5.3. | Еднаквост и правичност | • Познавање на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>• Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |
| 5.4. | Партнерски однос со родителите и со локалната заедница | • Соработка на училиштето со родителите<br>• Соработка со локалната заедница |

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | • Углед/имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето |

| ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ | КОНСТАТАЦИИ |
|---|---|
| кодекс на однесување;<br>анкети и интервјуа со наставници, родители и ученици;<br>напредување, полагање испити, видови пофалби, награди и статутот на училиштето;<br>куќниот ред на училиштето.<br><br>Анализа од прашалник за ученици, прашалник за наставници, прашалник за родители | ООМУ „Методи Патче“ е препознатливо по квалитетот на работата на наставниците и по угледот кој го ужива од страна на родителите и останатите заинтересирани структури во општеството. Училиште каде професионалците ја продолжуваат традицијата за поттикнување и откривање таленти,секогаш отворени за нови,креативни идеи и развој на музичка култура.Мисијата на училиштето е создавање средина каде постои почит, грижа, толеранција, задоволство и јакнење на релацијата меѓу ученици, вработени и родители.<br>Во училиштето се спроведува воспитување и образование во духот на толеранција и почитување на културните, верските, половите разлики и разликите во способностите на учениците. Наставата професионално се изведува при што се користат современи техники и наставни материјали, се достигнуваат високи резултати и успеси, па училиштето ужива добар имиџ во општината. Поголем дел од вработени се грижат за висок квалитет во извршувањето на своите задачи. Наставниот кадар ужива респект кај учениците и родителите, а учениците и родителите се чувствуваат прифатено и |

| | |
|---|---|
| | добредојдено во училиштето.<br>Училиштето е препознатливо по високиот квалитет на работа, постигнувањата на учениците и реализирањето на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето се грижи за здравјето, безбедноста и воспитната страна на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и целокупната заедница во училишниот живот. Вработените и учениците се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се навистина горди што се дел од него.<br><br>Кодексот на однесување е составен дел на училиштето и со него се поставени принципите и правилата на однесување на сите вработени во училиштето (раководниот кадар, наставниците, техничкиот персонал), учениците и родителите. Претставници на сите горенаведени структури учествувале во неговата изработка, а усвоен е низ демократска процедура со учество на претставници на сите структури. Исто така училиштето има и пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување пропишани со кодексот и таквите процедури ги спроведува во практика. Кодексот ги содржи правата и обврските на учениците и вработените во училиштето во однос на дисциплината, поведението, редовноста, чување на училишниот инвентар, правила на однесување во училиштето и надвор од него, а целта е да се развива чувството на одговорност и спречување на негативни појави.<br>Работната атмосфера и добрата соработка која се заснова на взаемна доверба и почит меѓу стручната служба, наставниците и другите вработени во училиштето овозможуваат позитивна клима во училиштето. За тоа говори и комуникација меѓу самите наставници и комуникацијата во рамките на образовниот процеси нивната зедничка извршена работа (годишни и тематски планирања, концерти, натпревари - државни и меѓународни).<br>Политиката на училиштето е равноправен третман и взаемно почитување на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Во него постои професионална соработка меѓу вработените и истата е на високо ниво. Раководниот и наставниот кадар имаат клучна улога во одржувањето на континуирана поттикнувачка и мотивирачка атмосфера во училиштето, а тоа се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Вработените постојано ги насочуваат учениците да се грижат како за училиштето така и едни за други. Сите ученици без оглед на способностите и можностите, родот, етничката припадност, верата и потеклото се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. |

| | |
|---|---|
| | Поведението и дисциплината на учениците и вработените е на високо ниво. Постои работна атмосфера за време на наставата и вонннаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, пристигнувањето на учениците и нивното заминување од училиштето. Учениците се совесни, соработуваат со вработените и наставниот кадар и меѓусебно културно се однесуваат. Вработените внимателно, но авторитетно секогаш се справуваат со тековните проблеми во однос на дисциплината и редовноста и поради тоа нема прекини во учењето и наставата.<br>Полот и етничката припадност немаат влијание врз дисциплината на учениците. Односите меѓу учениците од ист и различен пол или од различно етничко потекло се исполнети со меѓусебно почитување, толеранција и помагање. Односите меѓу учениците со различни способности и социјални структури се базираат на меѓусебно почитување што е резулатат на тоа што училиштето има еднаков пристап кон сите ученици, без разлика на нивниот пол или етничката припадност. Проблемите во врска со поведението и дисциплината се незначителни. |

## 5.2. Промовирање на постигањата

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | • Промовирање на личните постигања на учениците<br>• Промовирање на постигањата во име на училиштето<br>Реализација на шестиот чекор од еколошката програма (Информирање и вклучување на пошироката заедница) |

| ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ | КОНСТАТАЦИИ |
|---|---|
| напредување,полагање испити, видовите пофалби, награди и педагошкимеркивоосновните | Постигнувањето на учениците е важен показател за успешното работење на училиштето. Наставниот кадар во училиштето организира средина за учење поставувајќи јасни очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Наставниците ги мотивираат учениците, ги |

| | |
|---|---|
| училишта<br>Пофалби, награди,признанија и др.<br>Педагошка евиденција<br>и документација (за општествено корисната<br>работа, за јавно<br>културната дејност<br>Медиумско промовирање на<br>Постигањата на учениците<br>Анализа од прашалник за ученици, прашалник за наставници, прашалник за родители | поттикнуваат да учествуваат на натпревари користејќи го пофалувањето како техника за поттикнување на учениците. Училиштето ги промовира постигањата на учениците во рамките на училиштето и во пошироката локална средина и става акцент на бројни активности во таа насока.<br>Училиштето и наставниците им даваат можности на учениците успешно да се претстават себе си во училиштето и во социјалната средина, со сите свои квалитети, способности и знаења и да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и во вонннаставните активности. За промовирање на личните постигнувања на учениците во училиштето се организираат слободни ученички активности каде учениците учествуваат и ги истакнуваат своите афинитети, желби и талент.<br>На Годишниот концерт, училиштето им доделува дипломи, како и плакети на учениците кои освојувале награди на натпревари во изминатата учебна година. Учениците кои го завршуваат школувањето со постигнати врвнит резултати во Основното музичко образование добиваат дипломи и плакети, а се доделува и диплома за првенец на генерацијата.<br>Училиштето посебно внимание обрнувана поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари и други активности преку кои се промовира училиштето. |

## 5.3. Еднаквост и правичност

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | • Познавање на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици |

| ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ | КОНСТАТАЦИИ |
|---|---|
| Документација на педагошко - психолошката служба, | Вработените во училиштето: наставниците, и другите вработени ги познаваат и почитуваат правата на децата независно од нивната социјална, економска, верска, образовна или национална припадност. |

| | |
|---|---|
| Записници на одделенски и наставнички совети ,<br>Дневник за работа на директорот записници и извештаи од разговори,<br>кодекс на однесување на учениците<br>Извештај за работа на училиштето<br>Анализа од прашалник за ученици, прашалник за наставници, прашалник за родители | Почитувањето на правата на децата во нашето училиште е тренд кој се негува со цел да не дојде до нарушување и загрозување на безбедноста на учениците, при што нивниот престој во училиштето не би бил пријатен.<br>Училиштето ги поттикнува учениците да ги остваруваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.<br><br>Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Води политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот и позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата.<br><br>На прашањето за родители :” Наставниците соодветно ги стимулираат учениците при извршување на зададените задачи?<br>Сосема точно одговориле 71,4%,точно во најголем дел 19% и 9% делумно точно. |

**5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница**

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | • Соработка на училиштето со родителите<br>• Соработка со локалната заедница |

| ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ | КОНСТАТАЦИИ |
|---|---|
| Извештај за работана | Училиштето воспоставува и гради партнерски однос со родителите преку ефективни методи за |

| | |
|---|---|
| училиштето<br>Записници од советна родители и родителски средби<br>Анкети и интервјуа со директор, родители, наставниците<br>Педагошка евиденција и документација (за општествено корисната работа, за јавно културната дејност)<br>Записници и одлуки од Состаноци од Училишниотодбор<br>Анализа од прашалник за ученици, прашалник за наставници, прашалник за родители | комуникација со родителите на различни нивоа од училишниот живот.<br>За време на наставата училиштето организира најмалку четири родителски средби, кога родителите детално се запознаваат со постигнувањата на нивните деца и воедно добиваат информации и насоки за подобрување на интелектуалниот, емотивниот и социјалниот развој на своите деца. Возависност од потребите може да се закаже и дополнителна родителска средба каде ќе се решаваат актуелните проблеми.<br>На почетокот на учебната година родителите имаат можност да се запознаат со Годишната програма за работа на училиштето, Наставните планови и програми по предмети и одделенија и со програмата за работа на Советот на родители на класата.<br>Во рамките на Годишната програма на училиштето соработката со родителите зазема значајно место. Тие даваат свој придонес во организацијата и реализацијата на разни манифестации и јавни настапи по разни поводи.<br>Согласно со законот за основно образование во училиштето има формирано тело Совет на родители во кој членуваат родители претходно избрани на родителски средби, преку кои се афирмира и збогатува севкупното функционирање на училиштето. Исто така тројца од родителите се членови во највисокиот орган на управување – Училишен одбор.<br>Советот на родители е орган каде се разгледуваат прашања од суштинско значење за животот и работата на училиштето. Усвоени се стратегии и препораки за учество на родителите во имплементација на училишната политика и промовирање на работата на училиштето.<br>Претставниците на Советот на родители на заедничките состаноци дискутираат, даваат свои предлози и разгледуваат ставови за безбедноста на учениците во училиштето, односите ученик – наставник и ученик - ученик, односот на учениците кон инвентарот на училиштето и сите теми кои се актуелни во училишниот живот. Советот на родители се вклучува во работата на училиштето преку низа соопштенија, родителски средби,вклучување во сите сегменти на воспитно образовниот процес<br><br>Училиштето остварува постојана соработка со локалната заедница во рамките наз аконската регулатива. Општината е основач на оваучилиште, затоа комуникацијата и размената на информации и податоци со локалната заедница е секојдневна. Соработката со локалната самоуправа идентификува прашања и проблеми од заеднички домен. Реализирани се активности во две нивоа: Учество во одбележување на настани од локален карактер; Преземање активности со соодветни иституции на локално ниво во општината.<br>Остварени се бројни активности исполнети со културни и образовни содржини наменети за |

| | |
|---|---|
| | граѓаните од средината во која работи и живее училиштето: изложби, промоции и промовирање на работата на училиштето, Нашите ученици активно учествуваат во одбележувањето на позначајните општествени икултурно-уметнички настани.<br>Училиштето активно соработува со иституциите од областа на културата при што ги следи сите објавени конкурс и и натпревари на локално, регионално, државно меѓународно ниво и се вклучува и активно учествувана истите.<br>Училиштето соработува со МОН; БРО; ДПИ ЕЛС- сектор за основно образование, Сектор за основно образование како дел од општината, соовластен општински инспектор, со директорите од други училишта на ниво на општина, со детски градинки, со други основни и средни училишта и факултети.<br><br>Училиштето континуирано соработува со локалнитемедиуми.Телевизии:, ТВМ; локалните радиостаници: Супер радио, МХ радио; електронски портали: Охриднјус, Охриднет, Публицитет, страната на Општина Охрид во кои редовно и навремено се промовираат активностите на училиштето. |

| **РЕЗУЛТАТИ** | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | • Позитивна клима за работа во училиштето<br>• Соработката меѓу наставниците и учениците се базира на взаемна доверба и почитување<br>• Континуирана мотивација на учениците за подобри постигнувања и резултати<br>• Значајни постигнувања на натпревари<br>• Помеѓу учениците и наставниците постои взаемна подршка и клима на отвореност за соработка.<br>• Почитување на разликите на учениците и давање на сите ученици еднаква можност да учат, да се развиваат и да гонадградуваат своето знаење<br>• Сите ученици имаат еднаква можност да учат, да се изразуваат, активно да учествуваат на конкурси, натпревари<br>• Добра соработка со локалното окружување на училиштето.<br>• Добра соработка со институциите од локалната заедница.<br>• Добра соработка со родителите.<br>• Интензивна соработка со советот на родители ;<br>• Успешна соработка и комуникација со стопанскиот сектор во Општината и локалната самоуправа; |

| | |
|---|---|
| **СЛАБИ СТРАНИ** | • Поголема соработка со бизнис секторот.<br>• Недоволно можност за афирмација и материјално наградување, на учениците кои постигнуваат врвни резултати на натпреварите; |

| **АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ** |
|---|
| **Создавање позитивна училишна клима**, еднаквиот однос кон сите ученици без разлика на полова, етничка, национална и верска припадност и почитувањето на индивидуалните разлики на учениците се основни принципи во работењето на училиштето.<br>**Соработката** помеѓу сите субјекти во воспитно-образовниот процес и начинот на комуникација во кој се почитува личноста на другиот како основен принцип, е основна заложба на училиштето, како основа за успешно реализирање на задачите и личниот развој на учениците и наставниците.<br>**Основна и приоритетна цел во училиштето** е зајакнување на воспитната компонента за развојот на учениците. За таа цел, на предлог на раководниот тим во училиштето, а во соработка со наставниците, родителите, училишниот одбор и учениците е донесен Кодекс на однесување и куќен ред.<br>**Наставниот кадар** во соработка со раководниот тим во училиштето, континуирано настојува да ги разбие постоечките стереотипи, поттикнувајќи го взаемното почитување меѓу учениците од различен пол, различна етничка или верска припадност или учениците со различни психо-физички способности и создавајќи здрава училишна средина.<br>**Обезбедувањето на еднаквост** помеѓу машките и женските ученици се развива преку секој дневните воспитно-образовни активности, советодавни разговори за одредени проблеми наовапoле и контакти со родители.<br>Во процесот на **унапредување на соработката со локалната средина** и нејзино активно имплементирање во работата на училиштето, која пред се се базира на транспарентност во работењето, отвореност за соработка и нови идеи, се вклучени сите релевантни субјекти во училиштето, но и надвор од него, со јасна цел за поставување нови, повисоки критериуми и барања кои би се стремеле кон подобри резултати.<br>**ООМУ „Методи Патче“ е училиште со европска визија** и со забрзани чекори се движи во глобалните европски и светски трендови на развој, соработка и комуникација.<br>Репрезентативноста на постигнатите резултати на нашите ученици во поедини сегменти ги надминува општинските и националните рамки за што сведочат освоените места на општинско, национално и меѓународно ниво. |

**ИДНИ АКТИВНОСТИ**

- Донесување на Етички кодекс за однесување на учениците и наставниците
- Перманентно и стручно усовршување на наставнот кадар во функција на подобрување на воспитно-образовниот процес,
- Дефинирање и обезбедување систем на награди за учениците кои особено се истакнуваат со својата работа;
- Дефинирање и обезбедување систем на награди за наставниците кои особено се истакнуваат со својата работа и допринесуваат за унапредување на воспитно-образовниот процес во училиштето;

## Подрачје 6: Ресурси

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 6.1. | Сместување и просторни капацитети | • Просторни услови<br>• Искористеност на просторните капацитети |
| 6.2. | Наставни средства и материјали | • Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>- Опременост со стручна литература, наставни средства и помагала од областа на компјутерската технологија<br>• Училишна библиотека<br>• Потрошен материјал |
| 6.3. | Обезбедување на потребниот наставен | • Број на вработени и соодветност на наставниот кадар |

| | | |
|---|---|---|
| | кадар | • Ефективност и распоредување на кадарот |
| 6.4. | Следење на развојните потреби на наставниот кадар | • Професионален развој на наставниците<br>- Професионален развој – имплементација на обуки на наставниот кадар |
| 6.5. | Финансиско работење во училиштето | • Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење<br>• Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет<br>- Планирање и трошење на училишниот буџет согласно потребите за организирање и имплементација на активна настава со примена на современи методолошки приоди и информатичка технологија |

## 6.1. Сместување и просторни капацитети

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | • Просторни услови<br>• Искористеност на просторните капацитети<br>• Реализација на точките на акција од воспоставените воспитно образовни стандарди за реализација на инклузивно образование и активна настава |

| ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ | КОНСТАТАЦИИ |
|---|---|
| Годишната програма за работа,<br>планот за развој на училиштето,<br>непосредниот увид,<br>распоредот на часови,<br>годишниот извештај, | Училиштето со една училишна зграда во која се изведува настава со учениците по индивидуална и групна настава<br>Заради оптимално искористување на постојните просторни капацитети и опфатот на ученици, училиштето реализира настава во две смени - претпладневна и попладневна смена. |

| | |
|---|---|
| вид во извшениот попис | Наставата во училиштето се изведува на македонски наставен јазик.<br><br>**Училишна зграда** располага со:<br><br>• ***14*** училници за индивидуална настава и 1 училница за групна настава ,кои се опремени со потребен број на инструменти ,клупи и столчиња. Просторните капацитети задоволуваат во поглед на пропишаните стандарди: димензии, осветлување и греење; Училниците имаат функционална ЛАН компјутерска мрежа со повремена интернет конекција. Училниците се опремени со ЛЦД монитори оспособени за групна односно фронтална настава со примена на ИКТ.<br>• Административен дел со канцеларии за директор, и секретар опремени со канцелариски мебел;<br>• Наставничка канцеларија;<br>• Библиотека;<br>• помошни простории за потребите на домаќинот - хаусмајстор и хигиеничар;<br>• 1 санитарна просторија за машки, 1 за женски ученици. Истите се во добра состојба и соодветни на бројот на учениците;<br>• Концертна сала која и ги задоволува потребите за одржување на училишните концерти и натпревари.<br>• Училишниот двор е со површина од 2 952 м², уреден со зимзелени и листопадни садници. |

## 6.2. Наставни средства и материјали

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | • Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала за реализација на кабинетска настава по наставни предмети<br>• Училишна библиотека<br>• Потрошен материјал |

| ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ | КОНСТАТАЦИИ |
|---|---|
| Непосредниот увид во документацијата на училиштето за набавената стручна литература и наставните средства и помагала;<br><br>разговорот со наставниците и директорот;<br><br>увидот во библиотечната евиденција,<br><br>разговор со наставниците<br><br>увидот во документацијата за | Во училиштето има организирана и средена биболиотека која располага со стручна литература.<br><br>Клавирска-459 наслови, виолинска-1138, дувачка- 39, хармоника-86 и останата литература 530 наслови.Задолжен за издавање на литература од боблиотека е секретарот на училиштето. Стручната литература е достапна за сите, но нема доволно одобрени книги од старна на министерството.<br><br>Училиштето е опремено со седните наставни средства:<br><br>Виолини-95, Пијанина-14, Клавир-2, Труба-1, Флејта-8, Виолончело-9, Хармоники-7,Гитари-12, Саксафони-3,Блок флејти-11 и други наставни помагала обезбедени од донации од музичка младина ,музички педагози, американска амбасада, холандска амбасада и УСАИД.<br><br>Училиштето е опремено со 20 компјутери за учениците и 2 лаптопи за вработените. |

| | |
|---|---|
| планирани потрошни материјали,<br><br>годишен извештај, годишна програма, записници од стручни активи. | |

## 6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | • Број на вработени и соодветност на наставниот кадар<br>• Ефективност и распоредување на кадарот |

| ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ | КОНСТАТАЦИИ |
|---|---|
| Годишна програма за работа во училиштето;<br><br>разговор со директорот и наставниците;<br><br>Увид во досиејата на вработените.<br><br>Анализа од прашалник за ученици, прашалник за наставници, прашалник за родители | Во училиштето вработени се вкупно 22 лица од кои 17 наставници и двајца наставници кои изведуваат настава вршат дополна од други училишта(ОСУ“Св.Климент Охридски”-Охрид, наставник по оркестар и ОУ “Живко Чинго”-с.Велгошти наставник по флејта,секретар и друг технички персонал(2).<br><br>Сите наставници се со високо образование .Има и корепетитор кој ги придружува инструментите. Вработените се изјасниле како една бугарка, една влаинка, еден египјанец а останатите македонци.<br><br>Персоналот во училиштето е редовно и навремено присутен на своите работни места. Следењето и обезбедувањето на присутноста се врши преку воведувањето на книга за редовност каде што секојдневно се евидентираат сите вработени во училиштето односно времето на нивното доаѓање и заминување.<br><br>Сите отсуства од работа навремено се пријавуваат кај раководниот орган. Отсуствата од работа се во |

| | |
|---|---|
| Записник од Наставнички совет<br>Наставни планови и програми | согласност со Законот за работни односи и се евидентираат кај надлежната служба.<br><br>Во училиштето нема вработен педагог и психолог.<br><br>Сите наставници ја планираат и реализираат Програмата  на еколошка едукација во македонскиот образовен систем запазувајќи ги еко стандардите за рационално користење на електричната, топлинската енергија и водата во училиштето, грижата за здрава и чиста внатрешна средина за учење и работење како и уреден и функционален двор кој е во согласност со потребите за заштита на животната средина:<br>• еко-стандард: заштеда на енергија<br>• еко-стандард: заштеда на вода<br>• еко-стандард: одржување и обезбедување на зградата и здрава средина во училиштето<br>• еко-стандард: уреден и еколошки двор<br><br>Дел од наставниците самостојно подготвуваат и реализираат проекти од областа на екологијата. |

## 6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | • Професионален развој на наставниците<br>- Професионален развој преку имплентација на интерни училишни обуки на наставниците во одредени области и теми на интерес во согласност со наставните планови и програми. |

| ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ | КОНСТАТАЦИИ |
|---|---|
| Разговор со стручната | -Во идентефикувањето на потребите непосредно се вклучени наставниците,стручните активи |

| | |
|---|---|
| служба, наставниците и директорот;<br>Увид во портфолијата на наставниците<br>Годишен извештај за работа на училиштето<br>Професионални досиеја на наставници и стручна служба<br>Анализа од прашалник за ученици, прашалник за наставници, прашалник за родители | и раководниот орган.<br>-Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој.<br>-Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионален развој. |

**6.5. Финансиско работење во училиштето**

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | • Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење<br>• Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет<br>- Планирање и трошење на училишниот буџет согласно еколошката програма и воспоставените еко -стандарди |

| ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ | КОНСТАТАЦИИ |
|---|---|
| Увидот во финансискиот план, развојниот план и годишната програма за работа;<br>разговорот со директорот/ наставниците;<br>Записниците и одлуките на УО; | Раководниот кадар има разбирање за механизмите што може да ги користи.Постапките за финанскиското работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските прописи.<br>Училишниот одбор како орган надлежен за донесување на предлог финансискиот план и предлог завршната сметка на училиштето редовно и навремено се запознава со |

| | |
|---|---|
| разговорот со Советот на родители;<br>Склучени договори, тендери за јавни набавки; понудите.<br>Анализа од прашалник за ученици, прашалник за наставници, прашалник за родители | планирањето и реализацијата на финансиските активности на училиштето. Го следи наменското трошење на средствата со цел да се добие соодветен увид за потрошените финансиски средства.Редовно ги информира органите и телата во училиштето за буџетот на училиштето и трошењето. Советот на родители и Училишниот одбор на своите седници донесле одлуки за висината на партиципацијата за упис на учениците и таа изнесува 1000,00 денари за едно полугодие. Секој од родителите потпишува изјава за прифаќање и учество во акцијата”наменски денар”.<br>**Во анкетниот прашалник за наставници, наставниците одговориле на следните прашања.**<br><br>1. Дали сте заинтересирани за стручно усовршување? (обука за критериуми за оценување, ИКТ обука, Семинари, Обука за описно оценување, компјутерски обуки, современи наставни методи и техники)<br>• Сосема точно<br>• Точно во најголем дел<br>• Делумно точно<br>• Неточно<br><br>75% од наставниците одговориле-Сосема точно 12.5% од наставниците одговориле – Точно во најголем дел, 12.5% од наставниците одговориле делумно точно.<br><br>2. Дали училиштето ги задоволува барањата и потребите за наставните средства и материјали<br>• Сосема точно<br>• Точно во најголем дел<br>• Делумно точно<br>• Неточно |

| | |
|---|---|
| | 12.5 % од наставниците одговориле – Точно во најголем дел.<br>87.5 % од наставниците одговориле – Сосема точно<br><br>**Во анкетниот прашалник за родители**<br><br>1. Дали родителите се навремено информирани за напредокот и слабостите на нивните деца.<br><br>• Сосема точно<br>• Точно во најголем дел<br>• Делумно точно<br>• Неточно<br><br>87.5 % од родителите одговориле – Сосема точно<br>12.5 % од родителите одговориле – Точно во најголем дел<br>0 % од родителите одговориле – Делумно точно<br>0 % од родителите одговориле - Неточно<br><br>2. Раководниот кадар и самите наставници се грижат за потребите на учениците.<br><br>• Сосема точно<br>• Точно во најголем дел<br>• Делумно точно<br>• Неточно<br><br>87.5 % од родителите одговориле – Сосема точно<br>12.5 % од родителите одговориле – Точно во најголем дел<br><br>**Во анкетниот прашалник за ученици** |

| | |
|---|---|
| | 1. Училиштето ми обезбедува инструменти и други помагала за потребите на учениците.<br><br>• Сосема точно<br>• Точно во најголем дел<br>• Делумно точно<br>• Неточно<br><br>91.9 % од учениците одговориле – Сосема точно<br>8.1 % од учениците одговориле – Точно во најголем дел<br>0 % од учениците одговориле – Делумно точно<br>0 % од учениците одговориле - Неточно |

| **РЕЗУЛТАТИ** | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | • Местоположба на училиштето во централниот дел на градот<br>• Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава според Нормативот.<br>• Наставниците максимално ги користат расположливите просторни капацитети, а училиштето има јасен план и распоред на користење на капацитетите.<br>• Стручен и амбициозен наставен кадар<br>• Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи.<br>• Училиштето располага со разновидна стручна литература и современи наставни средства и помагала за применување на современи наставни методи<br>• Во училиштето прописно се води библиотечната евиденција.<br>• Сите постапки поврзани со финансиско работење коишто ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми и прописи. |

| | |
|---|---|
| | • Транспарентно финансиско работење на училиштето |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | • Училиштето има потреба од педагошка служба.<br>• Недоволно организирање и учество на обуки за стручно усовршување на наставниот кадар. |

**АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ**

**Просторни услови и потреби:** Училиштето има одлична местоположба и долгогодишна традиција на успешно работење и подготовка на идни кадри,каде се негува музиката ,и со голема посветеност истата им се пренесува на учениците.

**Наставен кадар и друг персонал:** Во однос на човечките ресурси, во училиштето работи стручен и амбициозен наставен кадар. Со осовременување на наставните помагала, снабдување со стручна литература или продолжување на стручното усовршување со сигурност би се зголемил квалитетот на наставата.

**Реализација на наставниот процес:** Процесот на релизација на наставата перманентно се следи, насочува и усовршува како од раководниот кадар, така и од самите наставници, преку размена на искуства и давање поддршка на помлади наставници-приправници.

**Финансиското работење** на училиштето е во состав на расположивите средства од буџетот, па поради тоа се јавува делумно подмирување на тековните потреби.

**ИДНИ АКТИВНОСТИ**

- Изготвување на годишен финансиски план со утврдени приоритети во финансиското работење насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и наставниот процес.
- Обезбедување на педагошка служба.
- Обезбедување на учество во обуки и перманентно стручно усовршување на наставниот кадар и стручната служба

## Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 7.1. | Управување и раководење со училиштето | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето<br>• Спроведување на методологијата на седум чекори еко-менаџмент од еколошката програма<br>• |
| 7.2. | Цели и креирање на училиштата политика | • Јасност и соодветност на целите<br>- Јасност и соодветност во поставувањето на целите за реализација на Планот на активности од еколошката програма<br>• Процедури за креирање на училишната политика<br>- Вклучување на еколошкото образование и заштитата на животната средина во креирањето на училишната политика |
| 7.3. | Развојно планирање | • Цели на развојното планирање |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Професионален развој / стручно усовршување на кадарот<br>• Материјално-технички средства<br>• Инфраструктура |

## 7.1. Управување и раководење со училиштето

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето<br>• Спроведување на методологијата на седум чекори еко-менаџмент од еколошката програма<br>• Спроведување инклузивна наставна практика |

| ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ | КОНСТАТАЦИИ |
|---|---|
| Закон за основно образование<br>Статут на училиштето<br>Деловник за работа на УО<br>Решенија за членови на УО<br>Закон за работни односи<br>Записници од одржани состаноци | Највисок орган на управување со училиштето е Училишниот одбор.Училишниот одбор е формиран и работи во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Одлуките на Училишниот одбор се објавуваат на огласна табла или за истите наставниците се известуваат преку Наставничкиот совет. Надлежностите за управување се јасно определени во деловникот за работа на училишниот одбор. Состаноците се одржуваат со мнозинство на членови и досега нема случај на неодржан состанок поради немање кворум за работа. Членовите на училишниот одбор за одржување на состаноците се известуваат најмалку 2 дена пред одржувањето на состанокот преку доставување на |

| | |
|---|---|
| на УО<br>Решенија, донесени одлуки<br>Интервју со Директор на училиштето<br>Деловник за работа на Училишниот одбор;<br>Програма за работа на директорот;<br>Анализа од прашалник за ученици, прашалник за наставници, прашалник за родители | писмени покани и информирање на членовите преку електронска пошта. Училишниот одбор им обезбедува редовни, сеопфатни информации за својата работа на сите субјекти кои се вклучени во воспитно образовниот процес. Училишниот одбор има партнерски однос со раководниот орган во училиштето како и со другите образовни структури во истото.<br><br>Директорот е раководниот орган на училиштето. Директорот како раководен орган ги спроведува законите и реализира правилно финансиско работење во училиштето. Директорот своите одлуки ги усогласува со дадени мислења на училишниот одбор како и со мислењата од советот на родители. Преку своето професионално однесување директорот навремено и успешно делува во реализацијата на воспитно - образовниот процес, современата настава, како и следењето и спроведувањето на нови трендови во образованието.<br><br>Директорот успешно раководи со училиштето, иницира и донесува одговорни одлуки во полза на современиот образовен систем. Целосно е посветен на јасно поставени приоритети во развојниот план преку ефективна и конкретна самоевалуција, а како цел на своето работење им дава приоритет на постигнувањата на учениците и подобрувањето на наставниот процес во училиштето. Своето работење успешно го спроведува преку тимска работа, преку вклучување на вработените во процесот на обезбедување на квалитетно образование во училиштето.<br><br>Покрај органот на управување и раководниот орган, во училиштето работат и стручните органи како Наставнички совет на училиштето, класните раководители.<br><br>За одлуките на управниот и раководниот орган на училиштето, родителите се известуваат преку Совет на родители и родителските средби.<br><br>Целокупната училишна политика се планира во согласност со законот за основно образование.<br><br>На прашањето за родители:”Дали имате јасна представа за целите и вредностите на училиштето? |

| | |
|---|---|
| | Сосема точно одговориле 82.3 %, точно во најголем дел 17.7 % и делумно точно 0 %.<br>На прашањето :”Дали училиштето е отворено за соработка со родители?<br>Сосема точно одговориле 88.2 %, точно во најголем дел 5.9 %, делумно точно 5.9 % и неточно 0 %. |

**7.2. Цели и креирање на училиштата политика**

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | • Јасност и соодветност на целите<br>- Јасност и соодветност во поставувањето на целите за реализација на Планот на активности од еколошката програма<br>• Процедури за креирање на училишната политика<br>- Вклучување на еколошкото образование и заштитата на животната средина во креирањето на училишната политика<br>- Вклучување на инклузивното образование во креирањето на училишната политика |

| ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ | КОНСТАТАЦИИ |
|---|---|
| Анализа од прашалник за ученици, прашалник за наставници, прашалник за родители<br>Годишна програма на училиштето<br>Записници од УО/Совет на родители/Наставнички совет; | Во училиштето постојат интерни документи (Кодекс за однесување) кои ги детерминираат правата и одговорностите на учениците и наставниците во однос на редовноста, однесувањето, облекувањето, чувањето на училишниот инвентар. Овие документи се прифатени од учениците, наставниците и родителите.<br>Училишната политика се креира на крајот на учебната година врз основа на направени анализи и мислења на наставници, родители,и ученици. Во креирањето на училишната |

| | |
|---|---|
| | политика учествуваат директорот, Училишниот одбор и Советот на родители.<br><br>Сите заинтересирани субјекти се информирани навремено за училишната политика. Наставниците се информирани на Наставнички совет од страна на директорот, родителите се информирани преку Совет на родители и родителски средби, а учениците ги информираат одделенските раководители. Локалната средина информации добива преку медиумите, состаноци или неформални средби. |

## 7.3. Развојно планирање

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | • Цели на развојното планирање<br>• Професионален развој / стручно усовршување на кадарот<br>• Материјално-технички средства<br>• Инфраструктура |

| ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ | КОНСТАТАЦИИ |
|---|---|
| Годишна програма на училиштето<br>Годишни планирања на наставници<br>Записници од Наставнички совет<br>Разговор со наставници<br>Анализа од прашалник за ученици, | Постојат и активности за долгорочно планирање,план за развој базиран на приоритетите во централното и подрачните училишта а врз база на можностите за обезбедување на финансиски средства во соработка со советот на родители,месната заедница,општината и др.<br><br>Одговорен за годишното планирање е директорот, стручната служба , комисии стручни активи, наставници, одговорни на работни групи, раководители на паралелки, раководители на |

| | |
|---|---|
| прашалник за наставници,<br>прашалник за родители | подрачни училишта и училишниот одбор.<br><br>Планирањето е реално поради реално дозирање на потребите со можностите и реалните трошоци. Откако ќе се обезбедат финансии се отпочнува со работа.Истото се однесува и на долгорочното планирање а работите се реализираат по етапи.Носителите на активностите се проверени и квалитетни кадри.<br><br>Планирање врз база на податоци училиштето го остварува според потребите<br><br>(што ни треба колку чини) и според можностите на училиштето, сопствените средства , средствата од месната заедница , самопридонес од локалната самоуправа други спонзори донатори и средства добиени со прифатени проекти. |

| РЕЗУЛТАТИ | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | • При раководењето на училиштето се почитува Законот за работни односи и Статутот на училиштето<br>• Училиштето има ефикасен, одговорен и успешен раководен тим со јасна визија за управување и менаџирање;<br>• Конструктивна соработка со Училишниот одбор кој има визија за управување и донесување правилни одлуки;<br>• Ефикасен проток на информации и комуникација меѓу: раководниот тим, Училишниот одбор, |

| | |
|---|---|
| | Советот на родители и локалната средина;<br>• Ефикасност на состаноците и имплементација на одлуките;<br>• Воспоставена процедура за следење на наставниот процес;<br>• Добра работна атмосфера и отсуство на насилство и дискриминација.<br>• Јасна дефинираност на работните задачи и обврски на вработените.<br>• Меѓусебниот однос на припадниците на различните етнички заедници покажува висок степен на почитување култра и толеранција.<br>• Раководниот орган има професионален однос кон работата,ефективно комуницира и раководи со вработените се грижи за нивниот порфесионален развој.<br>• Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури.<br>• Расположеност за соработка помеѓу колегите како и помеѓу наставниците и учениците.<br>•<br>• Вклучување на сите вработени во процесот на развојно планирање;<br>• Споделување на визијата за развој на училиштето помеѓу сите релевантни субјекти;<br>• Советот на родители-рамноправен партнер во креирањето на училишната политика;<br>• Меѓусебно почитување на релација наставници - ученици - родители; |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | • Политика на континуирано вклучување на наставниците во обуки и семинари за професионално усовршување;<br>• Воспоставен систем на организациско учење преку интерни семинари и непосредно пренесување на знаењата;<br>• Потреба од потранспарентно информирање на наставниците и родителите за одлуките што се донесуваат во училиштето |

| | |
|---|---|
| | • Нема материјално и морално признание за наставниците по успешно извршени задачи, и друг начин на допринос кон развојот на училиштето<br>• Поголемо вклучување на ученичките заедници во донесувањето одлуки кои конркетно се однесуваат на нив. |

**АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ**

Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на целите начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивното остварување и подобрување. Позитивните цели имаат позитивно влијание на работата во училиштето. Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика.

За талентираните ученици и учениците со различни способности и предиспозиции се организира дополнителна и додатна настава, учество во слободни ученички активности и ангажирање во ученички натпревари.

Одговорен за годишното планирање е директорот, стручната служба , комисии стручни активи, наставници, одговорни на работни групи, раководители на паралелки, раководители на подрачни училишта и училишниот одбор.

Постојат и активности за долгорочно планирање,план за развој базиран на приоритетите во централното и подрачните училишта а врз база на можностите за обезбедување на финансиски средства во соработка со советот на родители,месната заедница,општината и др.

Училишната политика се креира преку анализи на состојбите,издвојување на приоритетни задачи, договарања, разговори, разгледување на стручна литература, споделување на мислења на заинтересирани субјекти.

**ИДНИ АКТИВНОСТИ**

- Соработка со други музички училишта од  земјата и надвор од неа
- Имплементација на современи, активни методи и техники на учење
- Организирана имплементација на настава со еколошки содржини

# ПРИЛОЗИ

- Анализи на анкети од ученици, наставници и родители
- Компаративна анализа за успехот и поведението на учениците

**ООМУ “Методи Патче“ Охрид**

**САМОЕВАЛУАЦИЈА 2025**

Формирање тимови и назначување на одговорни на тимовите

Одговорен за спроведување на самоевалуацијата и  работата на тимовите:Наумче Џуклески

**1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ**

- Ана Булоска Рилкоска (одговорна на групата),
- Даниел Чуркоски
- Елица Рашкова

**2.ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**

- Ана Булоска Рилкоска (одговорна на групата),
- Христина Пецаковска Николеска и

- Петар Танески

**3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА**

- Ана Булоска Рилкоска (одговорна на групата),
- Мухамед Бајрам
- Кирил Белистојаноски
- Љубен Несторов

**4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**

- Ана Булоска Рилкоска (одговорна на групата),
- Ана Булоска Рилкоска
- Игор Климовски

**5. УЧИЛИШНА КЛИМА**

- Ана Булоска Рилкоска (одговорна на групата),
- Олгица Пајпузова
- Ирена Веруш
- Бојан Матоски

**6. РЕСУРСИ**

- Ана Булоска Рилкоска (одговорна на групата),
- Нина Момировска
- Ана Ѓорѓиоска

**7. РАКОВОДСТВО, КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА**

- Ана Булоска Рилкоска (одговорна на групата),
- Филип Гаврилоски
- Александар Крстаноски

.